# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: vesnik@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

Година X, број 104 ISSN 1857-7660 31 март 2017 година

Отчетна седница на СЗПМ

## Постигнувањата се резултат на единството и сплотеноста на сите нивоа

***Собранието на СЗПМ на петтата седница одржана на 21 март 2017 година, оцени дека минатата 2016 година, помина во знак на одбележувањето на 7-деценискиот јубилеј на пензионерската организација со забележителни резултати во сите области од дејствувањето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, за што е добиено и највисокото признание од претседателот на државата „Повелба на Република Македонија“.***

Седницата ја раководеше претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** кој ги поздрави присутните членови и по усвојувањето на дневниот ред го истакна значењето на седницата поради давањето отчет за работата и сработеното во 2016 година, која ќе биде запаметена по високите резултати.

Излагање за активностите и остварените резултати во годината на големиот јубилеј на СЗПМ поднесе потпретседателот на Извршниот одбор **Салтир Каровски**, кој се осврна на акцентите од Извештајот за работата на Сојузот, истакнувајќи дека во 2016 година, примарната активност на СЗПМ беше насочена кон подобрување на социјалната положба на пензионерите и континуираната заштита на правата стекнати со Закон. Активноста беше остварувана низ разни форми, преку иницијативи, контакти, проекти и во соработка со ресорните министерства, со Фондот на ПИОМ, ФЗОМ и локалната самоуправа. Многуте активности и постигнувања на СЗПМ потпретседателот Каровски ги апострофираше како остварувања на органите и телата на Сојузот и заклучи дека во сите области во минатата јубилејна 2016 година, се забележани високи резултати кои се одраз на заложбата и ангажираноста на раководството на СЗПМ и на сите здруженија членки на Сојузот.











Активностите и задачите од Програмата за работа во 2016 година беа остварени во целост и со квалитетна реализација, со што се обезбеди голема афирмација на Сојузот во земјата и пошироко.

Актуелно прашање на кое во 2016 година постојано се инсистираше, беше продолжување на практиката за остварување редовни непосредни контакти, средби и дружења со раководствата и членството на Сојузот со кои се зацврстува меѓусебната соработка и се придонесува кон унапредување на организацијата, на соживотот и работата во здруженијата.

СЗПМ во фокусот на активностите го имаше и интересот за целосна посветеност на единиците на локалната самоуправа и ЗЕЛС, особено со градоначалниците, во организирано настапување на здруженијата на пензионерите за соработка и помош во решавање на многу актуелни проблеми и подобрување на квалитетот на животот на пензионерите, за отворање клубови на пензионери, домови за стари лица, дневни центри и друго. Во сите остварувања и во дејствувањето на СЗПМ, како основна константа се издвојува транспарентноста во работењето и можноста заинтересираните јавни и приватни субјекти да остварат слободен пристап до информации за организираноста и активностите на здруженијата на пензионерите и на СЗПМ, во што голем придонес имаат и информативниот весник на Сојузот „Пензионер плус“, додатокот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“ и страницата на албански јазик во весникот „Коха“.

Секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова** во својата дискусија го оцени Извештајот за работата како сеопфатен и рече дека не само што се констатирани активностите за сработеното, туку во него има и критички осврт на проблемите и потребите за изградба на пензионерски домови, за поефикасна работа на Одборот на Регистрираната организација и слично. Трајкова се фокусираше на проблемите во делот на здравствената заштита и поведувањето иницијативи и проекти за подобрување на здравствените услуги за пензионерите по разни основи. Во контекст на тоа ги истакна и Проектот за волонтерство, кој бележи успешна примена во здруженијата, но ја нагласи и потребата за негово доградување и развивање.

По извештајот за работата на СЗПМ и неговите органи и тела, дискутираа повеќе членови меѓу кои: **Ристо Анѓушев, Мирко Макрешански, Димитрија Богатиноски, Хулуси Салии, Ирфан Уштеленца, Грујица Манасиев, Кирил Ѓорѓиоски, Веле Алексоски** и други. Сите учесници во расправата му дадоа поддршка на овој документ за работата на СЗПМ, а некои пак поставуваа и прашања за одредени проблеми.

При обраќањето претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** даде конкретни одговори и објаснувања на поставените прашања, а при назначувањето на тежишните активности и постигнатите успеси, тој нагласи дека истите треба да бидат поттик за уште поголеми залагања и резултати во работата на сите органи и тела и повика на единство и сплотеност на сите нивоа во Сојузот, зашто тоа единствено води кон напредок и нови достигнувања и во оваа 2017 година.

Извештајот на Надзорниот орган на СЗПМ и Годишниот финансиски извештај за остварување на приходите и расходите во 2016 година, ги образложи претседателот на НО **Митре Стојановски**. Тој детално, ставка по ставка, ги анализираше приходите и расходите и заклучи дека целокупното финансиско работење во СЗПМ се одвивало во рамките на планираното, економично и домаќински. Затоа и не го криеше задоволството што ја има таа улога и чест да ги презентира остварувањата на приходите и расходите, зашто, како и претходните години, бележат позитивен финансиски резултат.

Документите по кои расправаше Собранието на СЗПМ едногласно беа прифатени и усвоени.

**Мендо Димовски**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...

**АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 2016** стр. 2 и 3

**ОТЧЕТНИ СЕДНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА** стр. 5

АКТУЕЛНОСТИ стр. 7

ПРАЗНУВАЊА стр. 8 и 9



**ИНТЕРВЈУ СО МЕТОДИЈА НОВКОВСКИ** стр. 11



**BISEDË ME RESHAT SHABANIN** стр. 12

ЗДРАВСТВО стр. 14

ЗАБАВА стр. 15



**ОТВОРЕН КЛУБ ВО РАДИШАНИ** стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**13. април**
**во „Нова Македонија“**
**- Пензионерски видици**
**20. април**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**28. април**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

Петта Седница на Собранието на СЗПМ

# Акценти од Извештајот за работата во 2016 година

СЗПМ во 2016 година своите програмски активности целосно ги посвети на големиот јубилеј на Сојузот, 70 години пензионерско организирање, 1946 – 2016. Во соработка со здруженијата на пензионери во Републиката, во текот на 2016 година во знакот на 70–годишниот јубилеј, оствари ефикасна реализација на целите и задачите утврдени со Статутот на СЗПМ, преточени во Програмата за работа на Сојузот во тековната година и усогласени со Националната стратегија за стари лица на Владата на Република Македонија за периодот 2010 – 2020 година.

Во рамките на одбележување на 20 септември – Денот на пензионерите, на 16–ти септември под покровителство на претседателот на државата Ѓорге Иванов, беше одржана свечена академија во Домот на АРМ во Скопје, на која претседателот на државата Ѓорге Иванов на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија додели високо одликување „Повелба на Република Македонија“ што е единствено вакво признание во долгогодишната историја на пензионерското организирање во нашата земја.

**Реализација на програмските задачи**

Примарна и нагласена активност во 2016 година беше насочена кон подобрување на социјалната положба на корисниците на пензија и континуирана заштита на нивните стекнати материјални и нематеријални права. Продолжување на контактите со Министерството за труд и социјална политика и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за остварување на редовна исплата на пензиите и подобрување на стандардот на пензионерите.

СЗПМ во тежиштето на своите активности перманентно беше посветен на интересот за донесување Закон за пензионерско организирање, особено со актуелизирање на прашањето за повторно ставање во функција на барањето пред законодавниот орган.

Актуелно прашање на кое во 2016 година постојано се инсистираше, беше практиката за остварување на редовни непосредни контакти со здруженијата на пензионери членки на Сојузот заради помагање во организациониот живот на членството на здруженијата како унапредување на работата.

СЗПМ во фокусот на своите активности во текот на 2016 година го имаше интересот и целосна посветеност во соработка со единиците на локалната самоуправа, посебно градоначалниците, во организирано настапување на здруженијата на пензионери за изградба на пензионерски домови или домови за стари лица. СЗПМ е во постојана соработка со здруженијата на пензионери Кочани, Штип и Карбинци, Центар – Скопје и други општински здруженија каде се создадени основни почетни услови за реализација на проекти за изградба на вакви објекти.

Основна карактеристика во работата на СЗПМ во пензионерското организирање е транспарентноста во работењето, како и можноста заинтересираните јавни и приватни субјекти да остварат слободен пристап до информации за организираноста и активностите на здруженијата на пензионери и на СЗПМ.

**Работа на органите и телата на СЗПМ во 2016 година**

Седниците на органите и телата на СЗПМ во 2016 година беа планирани врз основа на Програмата на Сојузот, актуелните потреби и прашањата кои ги покренуваа здруженијата и членовите на соодветните органи и тела.

**Собранието на СЗПМ во 2016 година одржа две седници и тоа**:

На Третата седница на 18.03.2016 година потпретседателот на СЗПМ Бесник Поцеста беше избран за претседател на Собранието на Сојузот, а на истата седница беа избрани два нови члена на Извршниот одбор: Калина Сливовска – Андонова, главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ и Јован Ќирковиќ од ЗП Кисела Вода. Претседателот на Организациониот одбор Драги Аргировски информираше за планираните активности за одбележување на Јубилејот – 70 години пензионерско организирање во Македонија, а се расправаше по Извештајот за работата и за остварувањето на Финансискиот план на СЗПМ за 2015 година и беше усвоена годишната сметка на СЗПМ за 2015 година, која и овој пат беше позитивна.

На Четвртата редовна седница на 20.11.2016 година Собранието на СЗПМ расправаше за одбележувањето на Јубилејот – 70 години од пензионерското организирање во Македонија, а потоа едногласно беа усвоени: Финансисискиот извештај за работата на СЗПМ во првите 10 месеци 2016 година, Програмата за работа и Финансиски план на СЗПМ за 2017 година. Беа донесени и други значајни одлуки и документи за поуспешно работење на Сојузот.

**Извршниот одбор на СЗПМ во** 2016 година одржа **четири** редовни седници на кои основна и нагласена тематика беше одбележувањето на 70–годишниот јубилеј и постигнувањата на СЗПМ. На Шестта седница на 18–ти февруари 2016 година ИО на СЗПМ формираше Организационен одбор за одбележување на 70 години од пензионерското организирање 1946 – 2016 година, а расправаше и ги усвои Извештајот за работата, Финансискиот извештај и Годишната сметка за 2015 година. Потоа со одлуки ги регулираше подготовките и одржувањето на ревиите и спортските натпревари во 2016 година. На Седмата седница одржана на 16. 06. 2016 година ИО донесе Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци на членовите – пензионери во СЗПМ и се информираше за конечниот извештај на Државниот завод за ревизија, за одржувањето на регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри во 2016 година и донесе неколку значајни одлуки, меѓу кои и Одлука за награди и признанија по повод 70 години пензионерско организирање во Македонија. На Осмата седница (28. 06. 2016 година) ИО на СЗПМ донесе повеќе одлуки во врска со: изменување и доплонување на деловниците за работа на ИО и на Собранието на СЗПМ; Информација за подготовките за одбележување на 70–годишното пензионерско организирање во Македонија и Одлука за изработка на 163 признанија и 94 плакети и друго; Одлука за учество на фестивалот „Трета доба“ во Љубљана, на претставниците на СЗПМ; Одлука на Извршниот одбор на СЗПМ за доделување парична помош за поплавените во Скопскиот регион во износ од 60.000 денари; Информација за подготовки на Републичката спортска олимпијада во Радовиш на 3–ти септември 2016 година и друго. На Деветтата седница (10. 11. 2016 година) ИО на СЗПМ беше информиран за активностите поврзани со достоинственото одбележување на 70 години од пензионерското организирање во Македонија, за што пошироко излагање имаше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, а ги истакна и бенефитите и поволностите што ги уживаат пензионерите и грижата на СЗПМ за остварување на правата што им припаѓаат по Законот. Беше нагласена потребата за изградба на државни домови за стари лица, особено оние со ниски пензии и враќањето на постојните пензионерски домови во владение на здруженијата на пензионери. Посебно внимание му беше посветено и на проблемот околу конечното донесување на предложениот Закон за пензионерско организирање. На оваа седница ИО ја донесе и Предлог– Програмата за работа на СЗПМ во 2017 година.

**Надзорниот одбор на СЗПМ** расправајќи за Финансискиот извештај за работата на СЗПМ во 2016 година оцени дека истиот е коректно изработен, а во трошењето на средствата се водело сметка за рационално и домаќинско работење на Сојузот. Приходот во најголем дел е од членарина, а најголеми ставки на расходи и овој пат се трошоците за ревиите, спортските натпревари и излегувањето на бесплатниот весник „Пензионер плус“. Финансискиот план на СЗПМ за 2017 година е изработен стручно и професионално и притоа се опфатени сите активности.

**Статутарната комисија на СЗПМ** во текот на 2016 година целосно беше посветена на следењето на активностите на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ во работата на усогласување на своите статути со Статутот на СЗПМ.

**Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина**, во текот на 2016 година одржа вкупно 6 седници. Главно прашање на седниците беше довршување на реализацијата на проектот за ажурирање на евиденцијата, посебно во трите сојузи на инвалидските пензионери. Освен тоа, на седниците беше третирано и прашањето поврзано со проблемите на миграцијата на членството, распоредот и исплатата на членарината, промената на тие состојби, законско и појави на незаконско користење на средствата во одредени средини, самоволија во примената на одлуката за миграција, проблематизирање на издавањето на барањите исписници, барања за членство во сојузите на нови, најчесто паралелни здруженија и друго.

**Правно-економскиот форум на ИО на СЗПМ** даде свој придонес во сите правно–економски прашања на кои во текот на 2016 година се посвети Сојузот на здруженијата на пензионери и неговите членки. Во текот на годината одржа една редовна седница на 22. 11. 2016 година.

**Комисијата за меѓународна соработка** тежиштето во својата работа го изрази на меѓународната соработка со пензионерските асоцијации во земјите од нашето соседство но и пошироко. По повод јубилејното одбележување на 70 години на пензионерското организирање во Македонуија членови на Комисијата за меѓународна соработка во Скопје имаа средби со потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија и со претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија во чиј состав се и пензионерите. Делегација на СЗПМ три дена престојуваше во Словенија од кои еден ден на Свечената академија по повод 70 годишниот јубилеј на словенечките пензионери и два дена на Фестивалот трето животно доба на кој многу успешен настап имаа КУД на ЗП Битола и Демир Хисар. Делегација на СЗПМ предводена од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседателот на ЗП Битола Томе Илиоски беше примена од премиерот на Република Словенија д–р Миро Церар при што се водеше разговор за актуелните прашања на пензионерското организирање и соработка. Во годината на јубилејот повеќе здруженија на пензионери – членки на СЗПМ од Битола, Прилеп, Куманово, Гази Баба, Охрид, Кавадарци, Тетово, Дебар, Делчево, Крива Паланка и други, имаа заеднички средби со здруженијата на пензионерите од Врање, Лесковац и Панчево во Србија, со Перник и со пограничи места во Р. Бугарија, со Поградец, Елбасан и Драч во Р. Албанија и други.

**Комисија за меѓугенерациска соработка и соживот** во текот на 2016 година беше посветена на прашањето на мултиетничката соработка и соживот во нашето мултиетничко општество, особено во средините на здруженијата на пензионери со различна етничка структура на пензионери, реализирање активности преку средби кои традиционално се организираат повеќе години по ред во Тетово, Гостивар, Куманово – Липково. Соживотот и меѓугенерациската соработка успешно се остваруваше и на сите пикници, фолклорни ревии, спортски натпревари, поетски средби и други културни манифестации кои заедно ги организираа Сојузот и здруженијата на пензионери.

**Комисија за културно-забавен живот** во 2016 година главно беше фокусирана на организирањето и подготовката на учесниците за 14–тите регионални и Шестата Републичка ревија на песни музика и игри. Регионалните ревии се одржаа во примерна организација и соработка со сите учесници. Од 53 здруженија на пензионери членки на СЗПМ, освен Дојран, Вевчани и Лабуништа, 50 ЗП учествуваа во ревиите со над 1000 свои претставници.

Шестата Републичка ревија на песни, музика и игри се одржа на 7–ми јуни 2016 година во Домот на АРМ во Скопје, каде учествуваа претставници од 27 здруженија на пензионери (661 директни учесници). На ревијата се обратија претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, министерката за култура, Елизабета Канческа – Милевска и градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС, Коце Трајановски.

За учество на Меѓународниот фестивал за трето животно доба во Љубљана – Словенија, беа избрани ЗП Битола и ЗП Демир Хисар, кои имаа мошне успешен настап.

**Комисијата за спорт и рекреација**, на почетокот на 2016 година во подготовките на спортските натпревари стартуваше со нов Правилник, односно со измени и дополнувања на претходниот, во кој наместо двобој жени и тробој мажи, беа внесени две нови дисциплини: фудбал – пенали на мали голчиња и кошарка – слободни фрлања на кош во машка и во женска конкуренција. Дваесет и првите регионални спортски напревари, се одржаа во периодот од 20 мај до крајот на јуни 2016 година. На овие натпревари во сите 8 региони непосредно учествуваа 52 здруженија членки на СЗПМ, со рекорден број натпреварувачи – 2007, од кои 1244 во машка и 763 во женска конкуренција.

На спотрската пензионерска Олимпијада, која се одржа на 3–ти септември 2016 година во комплекс–центарот „Шампион“ во Радовиш, се натпреваруваа 40 здруженија со вкупно 501 натпреварувач, од кои 264 во машка и 237 во женска конкуренција. Поединечно и екипно најдобар успех постигнаа учесниците од ЗП Охрид и Дебрца, кои по шести пат беа севкупни победници и добитници на пехарот.

На **Комисијата за здравство и социјална политика** поголемиот дел од активностите и беа поврзани со проектот „Пензионерска социјална карта“, но исто така, беше инволвирана во подобрување на здравствената заштита на пензионерите на сите нивоа. Во таа насока беа одржани повеќе бесплатни прегледи, мерење шеќер во крвта и притисок во соработка со Црвениот крст. Соработуваше и со ФЗОМ и се одржаа околу 30 средби „Пензионерите поблиску до здравството“.

**Комисијата за информирање и издавачка дејност** во 2016 година главно беше ангажирана во афирмација на резултатите и постигањата на Сојузот и на здруженијата на пензионери негови членки. На соодветен начин беа одбележани: големиот јубилеј на СЗПМ – 7 децении од пензионерско организирање во Македонијаа, како и сите други позначајни активности на Сојузот и на сите 53 здруженија од составот. Соодветно беа одбележани регионалните и републичките ревии и спортски натпревари, а членството беше информирано и за учеството на СЗПМ на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана. Се информираше и за сите пикници, хуманитарни активности, екскурзии и друго.

Во текот на целата година продолжи издавањето на весникот „Пензионер плус“, кој излезе во 10 броја, од кои 2 двоброја. Во март излезе 50 број на „Пензионерски видици“, а во но–



Вра основа на член 53 став 2 од Зконот за здруженија и фондации ( Сл.весник на РМ бр.52/10 и 135/11 ) и член 15 алинеја 3 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – Скопје, а на предлог на Извршниот одбор, Собранието на СЗПМ на 5 - та редовна седница, одржана на ден 21.03.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната сметка за 2016 година и распоредување на нето вишокот на приходи**

Член 1

Се усвојува Годишната сметка за 2016 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, претходно разгледана и одобрена од Надзорниот одбор на СЗПМ за што е доставен извештај, со следните остварени финансиски резултати од работењето:

| | Износ во денари |
|---|---|
| **1. Вкупни приходи** | **10.285.907,oo** |
| Приходи од членарини, донации и спонзорства | 8.096.965,oo |
| Пренесен дел од вишокот приходи од претходни години | 1.238.597,oo |
| Други приходи | 950.345,oo |
| **2. Вкупни расходи** | **9.309.397,oo** |
| Материјални расходи | 7.605.441,oo |
| Други расходи (група 41) | 1.703.956,oo |
| **3. Вишок на приходи пред оданочување (1-2)** | **976.510,oo** |
| **4. Данок на добивка** | **40.561,oo** |
| **5. Нето вишок на приходи за деловната година (3-4)** | **935.949,oo** |

Член 2

Остварената нето вишок на приходи за деловната 2016 година во износ од **935,949,oo** денари се распоредува во деловниот фонд, а со намена за тековно работење во 2017 год.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е Билансот на приходите и расходите и Билансот на состојбата за периодот 01.01-31.12.2016 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на СЗПМ
Претседател,
Бесник Поцеста

ември 100 број на „Пензионер плус“. Редовно излегуваше и една страница за пензионери во КОХА на албански јазик. Информирањето на пензионерите и јавноста во земјата, но и надвор од границите на Република Македонија, беше и преку Web страница на СЗПМ, на која во 2016 година на 32 подстраници беа претставени исто толку здруженија на пензионери од Сојузот.

**Комисијата за менаџирање на проекти** е една од најновите во Сојузот. И покрај тоа таа покажа задоволителни резултати. Во 2016 година одржа 15 седници и предложи и подготви повеќе проекти.

**Заклучни согледувања и препораки**

– Програмата за работа на СЗПМ во 2016 година е успешно реализирана. Резултатите во 2016 година претставуваат поттик, но и обврска да се работи уште подобро, особено во наредната 2017 година во која ќе биде издадена Монографија за 70–годишното постоење на Сојузот, во која ќе бидат поместени активностите и успесите низ изминатите седум децении;

– СЗПМ со своите активности и дејствување во интерес на пензионерската организација ќе обезбеди широка општествена афирмација во граѓанското здружување и организирање во Република Македонија;

– Остварен е значаен напредок во разрешувањето на значајните организациски прашања, поврзани со ажурирањето на евиденцијата на членството во здруженијата, во подобрување на финансиското работење, ефикасното работење на пензионерските клубови и дневни центри на пензионерите, како и интензивниот развој и ширење на мрежата на нови пензионерски клубови;

– Остварено е поквалитетно и објективно информирање на членството и јавноста, особено преку сопствени пишани медиуми, како и инвестирање во транспарентноста во работењето преку други реномирани медиуми;

– Остварена е богата и проширена соработка со надлежните органи на државната управа по разни прашања од интерес на пензионерската организација;

– СЗПМ посветува голема грижа на внатрешната организација и консолидација во здруженијата на пензионерите и нагласено се едуцираат новите раководства;

– СЗПМ уште повеќе ги интензивира контактите и ја проширува соработката со надлежните органи во државата и фондовите на ПИОМ и ЗОМ, заради неодложно и поинтензивно остварување на проектите опфатени со националната стратегија на РМ за старите лица до 2020 година;

– СЗПМ во текот на 2016 година и понатаму своите активности треба да ги посвети, кон остварување на планираните активности за изградба на пензионерски домови и други форми на сместување на пензионерите во Македонија;

– СЗПМ во соработка со здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, во рамките на Програмата за работа во 2016 година, се посвети на проширување, продлабочување и интензивирање на соработката со органите на локалната самоуправа, како продолжение во континуитет на активностите околу реализација на Меморандумот за соработка помеѓу СЗПМ и ЗЕЛС.

**Собрание на СЗПМ**

# Датуми на одржување на ревиите на песни, музика и игри и на спортските натпревари

**П Л А Н**
**на одржување на ревиите на песни, музика и игри за 2017**

| Регион | ЗП учесници во Ревијата по региони | Датум и домаќин |
|---|---|---|
| III | ЗП: Воени пензионери, Кисела Вода, Гази Баба, Сарај, ОВР и Солидарни пензионери – Илинден. | 25–ти април, ОВР |
| VI | ЗП: Гевгелија Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци, Дојран, Валандово и Демир Капија. | 26–ти април, Кавадарци |
| VIII | ЗП: Охрид и Дебрца, ЗП Гостивар, Кичево, Мак. Брод, Вевчани, Струга, Дебар и Центар Жупа и Лабуништа. | 29–ти април, Струга |
| VII | ЗП: Демир Хисар, Битола, Прилеп, Ресен и Крушево | 2–ри мај, Прилеп |
| V | ЗП: Струмица, Пробиштип, Штип и Карбинци, Св. Николе, Злетово, Радовиш и Конче, Ново Село и Лозово. | 4–ти мај, Пробиштип |
| IV | ЗП: Куманово, Солидарност – Аеродром, Крива Паланка, Чаир, Центар – Скопје и Кратово. | 6–ми мај, Кратово |
| II | ЗП: Карпош, Ѓорче Петров, Тетово, Шуто Оризари, Бутел и Тафталиџе. | 12–ти мај, Тетово |
| I | ЗП: Виница, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево. | 13–ти мај, Кочани |
| | Ревијата на песни, музика и игри на пензионерите на Република Македонија ќе се одржи во МОБ – Скопје | 6–ти јуни, Скопје |

**П Л А Н**
**на одржување на спортските игри за 2017**

| Регион | ЗП учесници во Ревијата по региони | Датум и домаќин |
|---|---|---|
| I | Центар, Кисела вода, Чаир Солидарност – Аеродром, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари, Солидарни пензионери – Илинден и Воени пензионери | 19–ти мај, ЗВП |
| VIII | Кочани, Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица и Делчево | 20–ти мај, Пехчево |
| VI | Куманово,Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Злетово | 23–ти мај, Пробиштип |
| II | Гостивар, Тетово, Сарај, Ѓорче Петров, Карпош, Тафталиџе и ОВР | 27–ми мај, Сарај |
| V | Кавадарци, Велес, Неготино, Дојран, Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Валандово | 30–ти мај, Велес |
| VII | Радовиш и Конче, Штип и Карбинци, Струмица, Свети Николе, Лозово и Ново Село | 10–ти јуни, Штип и Карбинци |
| IV | Охрид и Дебрца, Струга, Дебар и Центар Жупа, Кичево, Дебар, Македонски Брод, Вевчани и Лабуништа | 17–ти јуни, Охрид и Дебрца |
| III | Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар | 25–ти јуни, Ресен |
| | Републичката пензионерска спортска олимпијада ќе се одржи во Кочани | 2–ри септември, Кочани |

10. седница на ИО на СЗПМ

# Програмата реализирана, годишната сметка позитивна

Како што е вообичаено секоја година така и оваа се одржа седница на Извршниот одбор за усвојување на Предлог–извештаите за работа на органите и телата на СЗПМ за 2016 година. На седницата која се одржа на 28 февруари 2017 година беа усвоени Предлог–извештајот за работа на СЗПМ, Предлог–Финансискиот извештај за минатата година, како и Извештајот на Надзорниот одбор и беше донесена Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2016 година.



Извештајот за работата го елабoрираше потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ **Салтир Каровски**, а на Надзорниот одбор претседателот на НО **Митре Стојановски**. Беше констатирано дека Програмата за работа во јубилејната 2016 година во целост е реализирана, дека извештајот за работа е сеопфатен и аналитички направен и го отсликува сето она што се случуваше во минатата година. Исто така беше заклучено дека остварувањата се и над очекувањата во секој поглед, а при тоа се работело според законите, рационално и домаќински што покажуваат позитивните резултати во завршната годишна сметка на СЗПМ за 2016 година. Таквиот начин на работа е доказ дека Сојузот и во 2016 постигнал резултати за почит на општо задоволство и на раководствата на Сојузот на здруженијата, како и на секој поединец – член на СЗПМ.

На седницата беа дефинирани и здруженијата кои ќе бидат домаќини на 15 јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри во 2017 година. Седмата Републичка ревија под покровителство на Министерството за култура ќе се одржи на 6 јуни во Скопје.

Беа определени и здруженијата кои ќе бидат домаќини на 22. регионални спортски натпревари во 2017 година.

22. Републичка олимпијада ќе се одржи на 2 септември 2017 година во Кочани.

Беше донесена и одлука за висината на средствата коишто СЗПМ ќе им ги даде на здруженијата домаќини на овие манифестации за подобро организирање на истите. Се одлучи здруженијата домаќини на регионалните ревии и на спортските натпревари кои имаат до 3.000 членови да добијат по 40.000 денари, а здруженијата со поголем број членови по 30.000 денари.

Присутните беа информирани дека на изготвувањето на Монографијата по повод 70 години од пензионерското организирање засилено се работи и се очекува да биде завршена на почетокот од месец април. На седницата беа донесени и други одлуки. **К.С.А.**

# Збогатена меѓународна соработка на СЗПМ

Во Комисијата за меѓународна соработка на ИО на СЗПМ на неодамнешната седница го усвои Извештајот за работата во 2016 година и Програмата за работа во 2017 и 2018 година. По двата документа уводно излагање имаше претседателот на Комисијата **Драги Аргировски**, а во дискусијата учествуваа сите членови. Посебен акцент на седницата се даде на соработката со пензионерски организации и институции во опкружувањето, како на Сојузот, така и на неговите членки. На седницата беше истакнато дека по повод јубилејното одбележување на 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија, во 2016 година, членови на Комисијата за меѓународна соработка, во Скопје, имаа средби со потпретседателот на СЗП на Словенија и со претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија во чиј состав се и пензионерите.

Делегација на СЗПМ престојуваше во Словенија, на Свечената академија по повод 70–годишниот јубилеј на словенските пензионери и на Фестивалот за трета животна доба, на кој многу успешен настап имаа културно–уметничките друштва на ЗП Битола и Демир Хисар. Делегацијата на СЗПМ предводена од претседателот Драги Аргировски и претседателот на ЗП Битола Томе Илиоски беше примена од премиерот на Р. Словенија д–р Миро Церар.

Во 2016 година делегација на СЗП на град Скопје го посети Сараево каде што имаше средба со тамошното раководство.

Во годината на јубилејот повеќе здруженија на пензионери – членки на СЗПМ од: Битола, Прилеп, Куманово, Гази Баба, Охрид, Кавадарци, Тетово, Дебар, Делчево, Крива Паланка и други, имаа средби со здруженијата на пензионерите од Врање, Лесковец и Панчево во Србија, со Перник и Благоевград, во Р. Бугарија, со Поградец, Елбасан и Драч во Р. Албанија и други.



Збогатена меѓународна активност се планира и во наредните две години. Во првата половина на 2017 година се очекува посета на делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, при што ќе се прецизира натамошното учество на Меѓународниот фестивал на третата животна доба во Љубљана, со конкретизација на финансиската помош за учество на СЗПМ на овој престижен фестивал, на кој СЗПМ учествува веќе 8 години. Планирана е и посета на делегација на СЗПМ на Сојузот на пензионерите на Бугарија и на Косово, како и возвратна посета на делегација од СЗПМ на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија. Во 2018 година се планираат активности за имплементирање на потпишаниот Меморандум за заедничка соработка со Матицата на пензионерите на Хрватска, како и збогатување на соработката со Сојузот на пензионерите на Србија. Истовремено СЗПМ ќе ја поттикнува меѓународната активност на СЗП на град Скопје со главните градови на Балканот, како соработка на здруженијата членки на СЗПМ, со здруженија од пограничните општини во соседството и пошироко. **И. Г.**

ЗП Крушево

# Клуб за дневен престој во с. Бучин

Повеќегодишната желба на пензионерите од с. Бучин да имаат свое сврталиште каде ќе се дружат и ќе го поминуваат слободното време, најпосле им се оствари бидејќи во соработка со Подрачната единица за труд и социјални работи во Крушево, се најде просторијата за Клуб за дневен престој во кој ќе се дружат над 100–тина пензионери од селото Бучин и Пресил. По тој повод, на 17.03.2017 година, раководството на Здружението во присуство на поголем број пензионери и Одборот на Огранокот, како и претставници на месната заедница, свечено беше отворен Клубот за дневен престој. На свеченоста претседателот на ЗП Крушево **Глигор Ангелески**, на претседателот на Огранокот Данчо Србиноски му врачи нов телевизор, неколку комплети за играње шах, табла, домино и карти набавени од Здружението. Отварањето на клубови за дневен престој на пензионерите во руралните населени места, претставува приоритетна задача на ЗП Крушево и во тек се активности за



отварање Клуб и во огранокот село Житоше. **Г.А.**

ЗП Кочани

# Задоволни од оствареното

Собранието на ЗП Кочани на 27 февруари 2017 година ја одржа својата редовна годишна седница на која присуствуваа 43 делегати од огранците на пензионерската организација од општините Кочани, Зрновци и Чешиново – Облешево.

Во мошне конструктивна атмосфера делегатите расправаа по извештајот за работа и финансискиот извештај за минатата година, а ја донесоа и Програмата за работа со Финансиски план за оваа календарска година. Претседателот на ЗП Кочани, **Ѓорѓи Серафимов** даде позитивна оценка за сработеното во минатата година во сите области од делувањето на пензионерската организација.



– Целосно сме задоволни од работата и постигнатите резултати во минатата 2016 година. Обезбедено учество на Републичката ревија на песни, музика и игри, како и на Републичката спортска олимпијада со освени златни медали и четврто место во екипна конкуренција, сами посебе зборуваат за успехот на нашето здружение. Постигнавме резултати на планот на социјалната заштита, бањско–климатското лекување и одморот и рекреацијата на пензионерите, – истакна претседателот Серафимов.

На годишното собрание присуствуваше и градоначалникот на Кочани, **Ратко Димитровски** кој позитивно ја оцени соработката со Кочанските пензионери, притоа истакнувајќи дека соработката ќе продолжи и понатаму.

При тоа тој потенцираше дека Општина Кочани не се откажува од идејата за реализација на домот за стари лица. Истиот ќе се гради по пат на приватно–јавно партнерство на локацијата кај старата касарна во населбата Шатровиќ. Домот ќе има регионален карактер, а во него ќе бидат сместени и пензионери од соседните градови. Комуналиите за градба на домот се на товар на општината, која обезбеди и водоводна и канлизациона мрежа до самата локација.

**К. Герасимов**

ЗП Бутел

# Позитивни резултати во сите области



Здружението на пензионери Бутел на 24 февруари 2017 година одржа седница, која започна со доделување признание на градоначалникот на Општина Бутел Петре Латиновски од претседателот на СЗПМ. При врачувањето на Плакетата и неговата најнова книга „Аргументите ја осветлуваат вистината“, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** се осврна на одбележувањето на големиот 7–децениски јубилеј на Сојузот во 2016 година и искажа благодарност за континуираната меѓусебна соработка и поддршката од Општината и градоначалникот, која служи за пример во рамките на Сојузот. Притоа тој го истакна отворањето и опремувањето на петте пензионерски клубови и обезбедувањето простор за седиште на здружението. Благодарница и Монографија од Здружението, за успешната соработка на градоначалникот му врачи и претседателот на ЗП Бутел, Љупчо Димовски. Заблагодарувајќи се на признанијата, градоначалникот **Петре Латиновски** истакна добрата соработка со пензионерите и рече дека докрај ќе ги исполни дадените ветувања, и најави брзо отворање на уште еден пензионерски клуб во населбата Радишани.



По поздравното обраќање на претседавачот **Бранко Стојковиќ**, со седницата раководеше претседателот на Здружението **Љупчо Димовски**, кој накрато го образложи Извештајот за работата и ги истакна успесите во 2016 година. Во рамките на оваа точка беше разгледана и годишната сметка што ја прочита сметководителот **Перо Игњатовски.** И двата документа едногласно беа усвоени со заклучок дека во 2016 година Здружението постигнало позитивни резултати во сите области и рационално и домаќински работело. Собранието ги разгледа и едногласно ги усвои Програмата за работа и Финансискиот план за 2017 година, а донесе и усвои и други одлуки и документи. Едногласно беше усвоена и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на здружението, со која беше извршено усогласување со Статутот на СЗПМ. Во дискусијата активно учествуваа голем број од присутните.

**М. Димовски**

ЗП Центар

# Рационално трошење на пензионерскиот денар

Собранието на ЗП Центар на 27 февруари ја одржа својата осма седница, на која на дневен ред беа документите за работењето на здружението како и Програмата за 2017 година. Членовите на Собранието заедничка расправа водеа по извештаите за работата на Здружението и на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење во 2016 година, како и за Годишната сметка, а ја разгледаа и прифатија Програмата за работа во 2017 година.

Во дискусијата по Извештајот за работата, покрај другото беше речено дека минатата година беше јубилејна, се одбележуваше 70–годишнината од пензионерското организирање на ниво на сите здруженија во СЗПМ, во што се вклучи и ЗП Центар. По повод големиот јубилеј, Сојузот им додели плакети на претседателот на Собранието д–р Крсте Ангеловски, на претседателот на ИО Павле Спасев и потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, кој е член на ова здружение, а признанија добија пензионерите – активисти Спиро Николовски и Јордан Арсовски.

Во Извештајот за материјално–финансиското работење на Здружението се прикажани вкупните приходи и расходи во 2016 години кои се во однос еден спрема два во корист на приходите, или остварен е вишок на приходи од 1.779.324,00 денари. Овие средства ИО ќе ги распоредува според потребите кои ќе произлезат во текот на оваа година. Врз утврдената фактичка состојба Надзориот одбор констатира дека материјално–финансиското работење на ЗП Центар се води согласно важечките прописи и расходите се во рамките на планираното.

Во Програмата за работа на Здружението во оваа година се набележани бројни активности како на Собранието, така и на Извршниот одбор и комисиите на здружението. И во



оваа година како и досега будно ќе се следи трошењето на пензионерскиот денар како и остварувањето на програмските активности, меѓу кои спаѓаат: посетите на болни и изнемоштени лица, организирње одмор на пензионерите во Катлановска бања, информирање на членството, организирано мерење крвен притисок и шеќер во крвта, организирање екскурзии, културно–забавни и спортски активности, еднократна парична помош на пензионери со ниски пензии и многу други активности.

**Ц. Илиева**

ЗП Битола

# Презентација на годишното работење

Собранието на ЗП Битола на 24 февруари 2017 година ја одржа својата редовна годишна седница, која ја отвори претседателот **Стево Бојаџиев** и го утврди дневниот ред по кој се водеше расправата. За едногодишната работа на Здружението се осврна претседателот на ЗП **Томе Илиоски**, кој ги подвлече поважните активности и постигнатите резултати.

– Минатата година активностите главно се одвиваа во рамките на Програмата за работа, а органите и телата, покрај



тековните обврски, збогатени со искуство во работењето, во потполност одговорија и ги извршија планираните задачи. Овде ќе потсетам само на најважните: Организирање на културно–забавниот и спортски живот; Одбележување на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање; Снабдување со огревно дрво и прехрамбени продукти по поволни цени; Во соработка со релевантните структури, одржување бројни предавања од разни области; Обезбедување бесплатни прегледи за членството во „Битолска лабараторија“; Екскурзии со посети на кутурно–историски знаменитости; Обезбедување на 50% поевтин јавен градски превоз; Посета, помош, нега и донација за постари и изнемоштени стари лица; Работни средби и возвратни гостувања со Здруженија на пензионери од Република Србија; Гостување во Република Словенија, каде што пејачката група „Сирма Војвода“ ја претставуваше Македонија во рамките на Европскиот ден за стари лица; Учество на регионални и републички музички и спортски манифестации и многу други активности, – истакна Илиоски.

Претседателот на Надзорниот одбор **Станко Сипковски** констатира дека финансиското работење се одвивало во рамките на Финансискиот план за 2016 година и документацијата е водена согласно Законот, Статутот, Деловникот за работа и другите нормативни акти.

По Извештајот на претседателот на пописната комисија **Раде Брајановски**, главно се расправаше за приоритетите на Здружението што се насочени кон подобрување и унапредување на пензионерскиот стандард. Поголемо внимание привлече образложението на Финансискиот извештај за 2016 година и по согледувањето на фактите, беше заклучено дека се работело правилно, рационално и домаќински.

**Добре Тодоровски**

ЗП Прилеп

# Минатата година успешно завршена

На шестата седница на Собранието на ЗП Прилеп што се одржа деновиве делегатите го разгледаа извештајот за работата на Здружението во минатата 2016 година. Притоа тие оценија дека сите активности што беа планирани во текот на минатата година, успешно и на задоволство на членството, се реализирани. Најпрво извештајот беше раз-



гледан и „прочешлан“ од членовите на сите 19 разграноци на ова Здружение, каде немаше некои конструктивни забелешки бидејќи како што рече претседателот на ЗП Прилеп, **Кирил Ѓорѓиоски**.

– Сите забелешки што ги испраќаат и прават членовите на ЗП Прилеп преку разграноците навремено се усвојуваат и решаваат од страна на органите и телата на Здружението. Кон ова треба да се истакне и активноста на комисиите при ова Здружение кои планираното за лани навремено го реализираа на задоволство на членството и се разбира и на задоволство на Извршниот одбор и сите треба да бидеме задоволни. Лани ја одбележавме и 70–годишнината од пензионерското организирање во Македонија и по тој повод на 30 наши активисти и на институции со кои имаме долгогодишна соработка, како што се Локалната самоуправа и градоначалникот Марјан Ристески, Народниот театар и автотранспортното претспријатие „Пелагонија турист“, им доделивме благодарници. Во минатата година може да се пофалиме со голем број активности на сите полиња. Посебно имавме добра соработка со СЗПМ и другите Здруженија во Македонија и надвор од неа, – истакна претседателот Ѓорѓиоски.

На седницата беа искажани и некои забелешки од разграноците како што е прашањето за нефункционирањето на градскиот автобуски превоз за пензионерите, а беше одговорено дека е испратено писмо со барање за два дена пензионерите да се возат бесплатно во неделата, а за тоа ЗП Прилеп да му плати на сообраќајното претпријатие околу 500 илјади денари, – истакна претседателот Ѓорѓиоски. Беше поставено и прашањето зошто прилепските пензионери на бањско лекување се испраќаат само во Катлановска бања, а беа прифатени и некои измени во Статутот на здружението.

**К. Ристески**

ЗП Крушево

# Остварена програмата

На отчетната седница на Собранието на ЗП Крушево која се одржа на 27.02.2017 година беа разгледувани Извештајот за работата на Собранието и неговите органи и тела за 2016 година, Извештајот за финансиското и материјалното работење за 2016 година, како и извештајот на Надзорниот одбор. Уводни напомени по извештаите поднесе претседателот на Здружението **Глигор Ангелески** кој истакна дека 2016 година беше една од најуспешните години во работењето на Здружението во сите области.



– Минатата година, покрај пејачката група, за првпат формиравме и играорна група, кои на Регионалните и Републичките ревии на најафтетичен начин го презентираа нашето културно богаство, нашите традиции и обичаи. Доста значајни резултати постигнати се и на спортски, рекреативен, социјален и хуманитарен план во кои беа доста активни сите ограноци, како и Активот на пензионерки.

Во поглед на извештајот за финансиското и материјалното работење, Ангелески истакна дека се остварени планираните приходи и расходи и може да се заклучи дека Здружението во минатата година работеше плански, рационално, економично и што е најважно домаќински се однесуваше во трошењето на парите на пензионерите, што е потврдено и во Извештајот на Надзорниот одбор, кој го го образложи претседателката **Василика Дамјаноска** и при тоа истакна дека здружението работело согласно Законот за книговодство и Правилникот. Во мошне конструктивна дискусија во која учествуваа: **Димитар Богданоски, Петар Котески, Димче Трајкоски, Никола Атанасоски** и **Данчо Србиноски** беше констатирано дека здружението добро работело. На отчетната седница присуствуваше и делегација на збратимениот Здружение од Струга предводено од претседателот Милорад Трпоски, кој ги поздрави присутните и позитивно се изрази за вкупната работа на ЗП Крушево. На крајот, едногласно беа усвоени извештаите и Годишната сметка за 2016 година.

**Г.А.**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Збогатени активности

Собранието на Здружението на пензионерите Солидарност – Аеродром на 17 март 2017 година ја одржа шестата седница на која беше усвоен Извештај за работата на органите и телата за 2016 година и Одлука за усвојување на годишната пресметка на приходите и расходите. Уводно излагање за Извештајот поднесе секретарот **Милорад Ристески**, а во дискусијата учествуваа: Драги Аргировски, претседател на СЗПМ и член на Собранието на ЗП Солидарност – Аеродром. Тодор Тодоровски и Илија Глигоров, при тоа беше истакната зголемената содржина на многу успешни активности во повеќе области. Посебно беше нагласена активноста на ограноците и секциите, како и на Клубот на љубителите на книгата, кој е единствен од тој вид во СЗПМ. Стана збор и за просечните резултати во спортските натпревари, за кои во 2017 година, се подготвува посебна програма со тренинзи. Фолклорното друштво во минатата година имаше богата активност со учество на Регионалната и Републичката ревија на песни, музика и игри, потоа на отворањето на туристичката сезона во Стар Дојран, на промоцијата на книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“ и на Свечената Академија по повод 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија. За финансиското работење вовед дадоа **Димитрија Богатиноски**, претседател на Здружението и **Зоран Тефчев**, претседател на Надзорниот одбор. Општа оценка е дека Здружението ги остварило сите планирани задачи со домаќинско ефективно и ефикасно работење, што е потврдено и со усвоената завршна сметка со позитивно салдо. На оваа седница Собранието ги верификува предлозите за носители кои ќе добијат признанија по повод годишнината на Здружението.

**Илија Глигоров**

ЗП Чаир

# Одговорно и домаќинско работење

Извештајот за работата на Здружението за минатата година, програмата за работа за 2017 година, извештајот на надзорниот одбор, завршната сметка за 2016 година, финансискиот план за 2017 година, како и Нацрт одлуката за изменување и дополнување на статутот на Здружението, беа главните точки од дневниот ред на седницата на Собранието на ЗП Чаир, која се одржа на 27–ми февруари 2017



година, во клубот на пензионери во домот „Лика Чопова“. Со седницата раководеше **Исен Зекири**, претседател на Собранието, кој во воведното излагање го истакна значењето на оваа седница, од аспект на согледување на резултатите и создавање услови за постигнување подобри резултати. По широката и конструктивна расправа и изнесените незначителни забелешки, овие значајни документи едногласно беа усвоени.

Во програмата за работа на Здружението, се планирани бројни активности. Во неа, меѓу другото акцент се става на учество на општинските, регионалните и републичките спортски натпревари и учество на ревиите на песни, музика и игри на регионално и републичко ниво. Создавање услови за активирање на разграноците исто така произлегува од годишната програма. Предвидено е јакнење на соработката со другите здруженија, поголем број екскурзии во земјата и странство, доделување парична помош на болни пензионери и со ниски примања и воведување на волонтерство. Во продолжение на седницата, членовите на собранието расправаа за понатамошно унапредување и развој на здружението како и продолжување со омасовување за да се опфати поголем број пензионери во активностите на здружението. Според резултатите од финансискиот извештај, може да се каже дека се работело одговорно и домаќински. Нацрт одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Здружението ја образложи **Ментор Коку**, претседател на ИО на ЗП Чаир, кој истакна дека, Статутарната комисија ја разгледала и прифатила и ја предлага до Собранието, во која се извршени измени и усогласување, согласно Статутот на СЗПМ. Во расправата за работата на Здружението, учествуваа повеќе членови.

**Васил Пачемски**

ЗП Крива Паланка

# Забележителни резултати

ЗП Крива Паланка неодамна ја одржа својата отчетно–програмска седница со која раководеше претседателот на здружението **Славко Стојановски**. По пригодното обраќање, тој поднесе Извештај за работата на здружението, а по расправата беше заклучено дека во 2016 година се постигнати забележителни резултати, особено на културен и спортски план. Потоа стана збор за измените и дополнувањата во Статутот што ги презентираше претседателот на Статутарната комисија **Јованче Симоновски**, за потоа овие документи да бидат едногласно усвоени.

Членовите на Собранието беа запознати и ја усвоија завршна сметка за 2016 и беше заклучено дека Здружението работело позитивно и домаќински. Исто така, се расправаше за годишната програма и Финансискиот план за 2017 година кои беа едногласно усвоени. Беше дадена поддршка и оваа година здружението да учествува на меѓуопштинските и регионалните спортски игри, како и на Ревија на песни, музика и игри. Едногласно беше усвоена и одлуката за финансиска поддршка на организирањето прослава за Денот на жената.



На крајот од седницата претседателот на здружението Стојановски ги запозна сите присутни со постапката за набавка огревно дрво за 2017 година и за Одлуката на Извршниот одбор за учество во хуманитарната акција за собирање средства за операција на малиот Лука во Турција со донација од 5.000 денари.

**Б. Стојчевска**

ЗП Гевгелија

# Усвоени важни документи

На 23.02.2017 година ЗП Гевгелија одржа седница на која присутни беа и членовите на Надзорниот одбор, делегатот на здружението во СЗПМ Ристо Франгов, претседателот на Собранието Васил Дојчинов и членот на Комисијата за статутарни прашања Алекса Трајков. Според предложениот дневен ред беше разгледан финансовиот извештај на приходи и расходи на ЗП Гевгелија во изминатата 2016 година и истиот беше усвоен. Извештајот од Надзорниот одбор беше образложен од претседателот **Ѓурѓа Икономова** со констатација дека Здружението работело домаќински, согласно одлуките на ИО и Статутот. Финансискиот резултат е позитивен. Извештајот беше прифатен и усвоен. Завршната сметка на ЗП Гевгелија за 2016 година аналитички ја образложи **Мирјана Карајанова** сметководител во ЗП Гевгелија. Истата беше усвоена и донесена Одлука за прифаќање на Завршната сметка за 2016 година.

На седница беше разгледан и Статутот, за да се внесат измени и дополнувања во согласност со препораките на СЗПМ, со цел истиот да биде приспособен со потребите на ЗП Гевгелија. Исто така, беше прифатен предлогот наместо претседател во иднина да има претседавач на Собрание. Во својата дискусија делегатот Ристо Франгов ја истакна потребата Статутот свое место да си најдат ограноците како база на делување на пензионерите. Со новиот Статут предвидено е секретарот на Здружението да се избира од членството според критериуми утврдени од страна на ИО. На седницата се избра комисија која ќе ги образложува измените во Статутот по ограноците, по што, со одредени забелешки и предлози истиот ќе биде усвоен од Собранието.

**Јанка Узунова**

ЗП Свети Николе

# Задоволни од постигнувањата

На 7.3.2017 година Собранието на ЗП Свети Николе одржа отчетна седница со која раководеше председателот на Извршниот одбор **Никола Атанасов**. На седницата беа разгледани и усвоени Извештајот за работа, Финансискиот извештај, Завршната сметка за 2016 година, како и Извештајот на Надзорниот одбор за материјално финансиско работење на здружението за 2016 година и Програмата за работа со финансискиот план за 2017.

Претседателот Никола Атанасов и покрај тоа што овие документи се усвоени на Извршниот одбор и по ограноците, накусо ги образложи еден по еден нагласувајќи дека е работено успешно и домаќински и сите планирани активности се остварени, за што се заслужни Извршниот Одбор, Собранието, комисиите и сите членови. Финансискиот план е остварен во рамките на законските прописи, како што беше планирано и финансиската состојба е позитивна. Со наменско и рационално трошење на средствата, Здружението во сите сегменти покажува подем во квалитетот на работа и постигнува мошне добри резултати.

На седницата се измени и дополни Статутот на Здружението и се одлучи да нема претседател на Собрание, а во иднина седниците да ги води претседавач на Собранието, кој ќе се избира од редот на членовите на Собранието за секоја седница. Оваа Статутарна одлука веднаш стапи на сила по усвојувањето, такашто се пристапи кон избор на претседавач. За претседавач на седницата беше избран Љубомир Трајчев. Оваа измена, истакна претседателот Атанасов е во согласност со препораката донесена од СЗПМ.

Потоа се дискутираше и се усвои Одлука за соработка на ЗП Свети Николе со Здруженија од Републиката и од Р. Србија.

**Вукица Петрушева**

ЗП Струга

# Усвоени Програмата и Финансискиот план за 2017

На 25 февруари 2017 година, Собранието на ЗП Струга ја одржа својата редовна седница со која раководеше претседателот **Милорад Трпоски**. Најнапред тој ги поздрави присутните гости и претставници на СЗПМ, на локалната самоуправа, Црвениот крст, СЗБМ и на здруженијата со кои имаат традиционално добра соработка.

Потоа претседателот Трпоски ги истакна активностите и постигнувањата на здружението во 2016. Анализирајќи ги резултатите, како и оцената на претседателот на Надзорниот одбор **Киро Цутески** за матерјално–финансиското работење, Трпоски заклучи дека во 2016 година домаќински се работело и рационално и наменски се трошени финансиските средства.



– Со постигнатите успеси во сите области на дејствувањето Здружението стана едно од најактивните членки на Сојузот, иако броi 4.000 пензионери. Тоа е пример за соживот бидејќи во ова мултиетничко здружение членуваат Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби и Роми. Друженјето е за пример, како што е и одлична соработката со СЗПМ, со локалната самоуправа во градот и со други здруженија во Македонија, – истакна Трпоски.

Здружението му посака успешна понатамошна работа, претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**. Пригодни обраќања имаа и претседателот на ЗП Крушево, **Глигор Ангелески**, претседателот на ЗП Дебар и Центар Жупа, **Џавит Карпузи** и претставникот на локалната самоуправа **Бајрактар Муни**

По исцрпната расправа документите беа усвоени.

**С. Кукунешоски**

Здружение на пензионирани работници на ОВР на РМ

# Позитивно оценети и едногласно усвоени годишните документи

На 4. седница на Собранието на Здружението на пензионирани работници на ОВР на РМ – Скопје, одржана на 16.03.2017 година, позитивно беа оценети и едногласно усвоени Годишната завршна сметка, Извештајот за работа, Финансискиот извештај и Извештајот на Надзорниот одбор на здружението за 2016 година. Исто така, на седницата беше донесена и усвоена и Програмата за работа и Финансискиот план за 2017 година.



Со седницата рајоводеше претседателот на на здружението, **Спирко Николовски**, а во име на СЗПМ присуствуваше **Салтир Каровски** потпретседател на Извршниот одбор на Сојузот и претседател на Одборот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина.

Од дискусијата по документите кои беа усвоени евидентно е дека здружението имало богата активност и дека програмските активности успешно се реализирани. Севкупното работење на здружението во 2016 година било домаќинско, законито, согласно статутот, програмата за работа и интерните акти.

Програната за работа и и Финансискиот план за 2017 година беше оценета за реална и остварлива и дека здружението, со своите капацитети, покрај на планот на спортот, рекреацијата, културно забавниот живот, поголема активност ќе се посвети и во други сфериии потреби на пензионерското живеење. На седницата во дискусијата учествуваше и Каровски и ја оцени работата на здружението како мошне успешна.

**С.Н.**

ЗП Делчево

# Усвоен Извештајот за 2016 година и донесен нов статут

Здружението за старосни, семејни, инвалидски и други пензионери ја одржа седницата на која едногласно усвои повеќе документи. Годишниот извештај за 2016 год. предизвика најголемо внимание. Неколкумина од делегатите укажаа дека најголемиот дел од активностите се успешно реализирани. Посебно беа нагласени постигнувањата на пензионерските спортски натпревари, учеството на ревиите и изведените петнаесетина пензионерски екскурзии во земјата и во странство.

Беше разгледана и информацијата за состојбата на солидарниот фонд. Во информацијата е нагласено дека во Општина Делчево има 2.820 редовни пензионери и 185 брачни другари на пензионерите. Собранието донесе одлука за погребни трошоци да се исплаќа по 30.000 денари, а не по 35.000 како што се практикуваше до сега.

Едногласно беше усвоен и финансискиот извештај за 2016 год. како и планот и програмата за 2017 година. Делегатите на Собранието донесоа и нов статут на Здружението. За разлика од досегашниот, во новиот е направена измена на територијално дејствување на ограноците и е утврдено дека Собранието е составено од 31 делегат кои се избираат од 14 ограноци. На крајот на седницата повторно беше актуелизирано прашањето за функционирањето на пензионерскиот клуб, како и за поттикнување иницијатива за изградба на дом за стари лица на територијата на Општина Делчево.



**В. Маневски**


ЕКСКЛУЗИВНА ПОНУДА **ЗА ПЕНЗИОНЕРИ**
Безгрижно
чекориме кон иднината
**Осигурување за целото семејство**
Бидете носител на осигурувањето на било кој член од вашето потесно семејство.
**Полиси на рати**
10 еднакви рати без камата, со административна забрана на пензијата.
**Голем број осигурителни продукти**
Осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско-осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според вашите потреби.
**Продажна мрежа**
Полисите можете да ги купите само во подружниците на Сава Осигурување и експозитурите на НЛБ Тутунска Банка.
**Едноставна процедура**
Дојдете во некоја од продажните локации, со себе носете чек од пензијата и лична карта, а потоа потпишете ја полисата со пропратната документација.
Сите останати процедури се обврска на **Сава осигурување** и **Фондот на ПИОМ**.
Партнери:
ФПИОМ
www.piom.com.mk
70 години
www.szpm.org.mk
SAVA
OSIGURUVANJE


ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Banka
VISA
ELECTRON
1234 5678 9012 3456
НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
**НЛБ Сребрен пакет**
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
**Поволности**
• Пензија на **првиот работен ден** во месецот
• Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600

# Проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија“ ги надмина очекувањата

Министерот за труд и социјална политика Ибрахим Ибрахими и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Драги Аргировски неодамна одржаа прес конференција на која информираа резултатите од владините проекти поврзани со пензионерите.




– Од почетокот на проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија“ во 2010 година заклучно со 2016 година оваа услуга ја искористиле 37.193 корисници на пензија. Преку проектот „Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија“ заклучно со 2016 година услугата на дводневен викенд ја искористија 4.740 корисници на пензија. За користење на услугите од овие два проекта пријавени се 20.059 корисници на пензија од кои: 14.211 поднеле барање за користење на услугата бањско-климатска рекреација; 2.540 за користење на услугата бесплатен туристички викенд и 3.308 корисници на пензија барањето го поднеле за користење една од двете услуги – бањи или викенд – информираше министерот за труд и социјална политика **Ибрахим Ибрахими**. Притоа потенцираше дека ваквите проекти овозможуваат подобрување на здравјето на повозрасните лица, нивна рекреација, рехабилитација и соодветна социјализација, но, исто така влијаат и на развојот на бањскиот и хотелскиот туризам во Република Македонија. Тој нагласи дека и годинава има голем интерес за двата проекта, каде меѓуресорската комисија врши разгледување и рангирање по бодови на секое поединечно барање, во распон од 1 до 100. Рангирањето се врши истовремено за поднесени барања за користење на двете услуги: до 50 бодови за висината на пензијата; од 1 до 15 бодови во зависност од времетраењето на користењето на пензијата; од 1 до 15 бодови за вкупниот пензиски стаж пред остварувањето на правото на пензија; 10 бода за корисници на пензија кои пензијата ја оствариле како работници во рудници во подземен ископ со стаж на осигурување со зголемено траење; 10 бодови за лице што користи паричен надоместок за помош и нега од друго лице или додаток за мобилност и слепило и додаток за глувост како и лица коишто имаат инвалидност над 80%.

Како во изминатите години така и во 2017–та, услугата ќе се реализира во здравствената установа – Природно лекувалиште „Негорски Бањи“ АД Негорци, Гевгелија; Друштвото за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања“ ДОО Катланово; АД Дебарски Бањи – Цапа; и ЈЗО Бања Бањско „Цар Самуил“ Струмица.

Услугата на „Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија“ опфаќа 2 полни пансиона (2 ноќевања со три оброка дневно), односно од петок попладне до недела попладне и автобуски превоз до хотелскиот објект. Хотелските објекти во кои ќе бидат упатувани корисниците на пензија се наоѓаат во Охрид, Струга, Дојран, Крушево, Преспа и Берово. Корисникот на пензија може да користи само една од услугите, односно или бањско-климатска рекреација или туристички викенд.

И претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија **Драги Аргировски** изрази задоволство од реализацијата на овие два проекта, и меѓу другото истакна:

– Овие два проекта се мошне значајни за пензионерите и им овозможуваат да се социјализираат и да излезат од нивните домови. При тоа да воспоставуваат нови пријателства кои траат долго. Обезбедувањето на социјалната заштита и социјалната сигурност на повозрасните лица се потврдени во програмските активности и заложби на Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика, како и во Програмата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. **К. С. Андонова**

# Заштитата на старите лица станува сè поактуелна

Модерното живеење и забрзаното темпо на живот, како и промените во семејните и општествените односи, често пати имаат негативно влијание врз животот во староста и довведуваат до појава на осаменост и отуѓеност на старите лица, кои особено се изразени по прекинот на работната активност. Просечниот човечки век е сè подолг, сè повеќе има стари лица, а општествената заедница се наоѓа пред проблемот условите на општествената и физичката средина да ги приспособува на потребите на оваа популација.



Меѓусебното дружење на луѓето низ разновидните односи и контакти, размената на вербалната комуникација, подавањето рака, покажувањето внимание, насмевката, сочувството, правењето заемни услуги, е неопходен услов на човечкото опстојување исто онака како што се неопходни воздухот, водата и храната. Отсуството на меѓучовечките контакти предизвикува кај човекот „емотивен глад“ кој ќе ја разори неговата личност и неговата душа. Човечкиот живот во осаменост е бесмислен.

Современите движења на економскиот, урбаниот и општествениот развиток го разбиваат трогенерациското семејство во кое најчесто нема место за неговите постари членови или пак нема место какво што заслужуваат. Современото двогенерациско семејство станува се неспособно за хумано човечко однесување кон старите луѓе. Во ови и ваквите околности, вообичаено за староста и старите луѓе се размислува на два начина. На првиот, кон кој сме наклонети, особено во помладите, па и во зрелите години, кога ни се чини дека ние не сме стари, но и дека никогаш нема да бидеме, старите луѓе ги гледаме како нешто туѓо, различно од нас и од нашите врсници, далечни, одбивни и несфатливи. Вториот начин на размислување е оној кога ни одминуваат зрелите години, кога разновидните психички и физички тешкотии не потсетуваат дека староста доаѓа и дека неосетно сме зачекориле во неа. Но и тогаш сме склони да размислуваме за староста како на нешто што е сè уште далеку од нас, со потајна надеж дека долго ќе живееме, но нема да бидеме стари!

И кога размислуваме и на едниот и на другиот начин, треба да сме свесни за фактот дека на старите луѓе најбитно им е вниманието и љубовта. Ништо на светот не може на старите луѓе да им ја замени љубовта на децата, вниманието на соседите, почитта на сограѓаните, благодарноста на работната организација, бидејќи сето тоа не се купува и не се дава по порачка, туку треба постојано да се негува и создава.

Односот на старите генерации кон младите потсетува на онаа народна приказна за која синот по барање на својата сакана ја убива мајка си и нејзиното срце и го носи како доказ на саканата, но при брзањето се сопнува и паѓа, а до ушите му допира грижливиот глас на неговата мајка: „Те боли ли, синко?“ Запоставувањето на своите остарени сограѓани или родители се враќа како бумеранг. Кога ќе го сознаеме тоа веќе е доцна грешката да биде исправена. Затоа државната заштита на старите лица станува се поактуелна и бара



поголема мобилност во преземање на организирани конкретни мерки од страна на надлежните организации, од Црвениот крст, од пензионерските и другите невладини организации. На старите луѓе треба да им се помага во секоја смисла на зборот. Имајте го тоа на ум секогаш и трудете се да им го разубавите стареењето, да им ги намалите грижите или болките. Таквиот став кон староста го има и управата на Катлановска Бања. Условите се добри, а цените и оваа 2017 година се пристапни:

1. Бањско-климатско лекување со специјалистички упат...........830 денари
2. Бањско-климатско лекување без специјалистички упат........1.040 денари
3. Само полн пансион........750 денари

Бањско-климатското лекување опфаќа полн пансион, сместување во двокреветна соба, една бања или хидротерапија пропишана од лекар специјалист – физијатер. Се нудат и дополнителни услуги со доплата: уште една бања во ист ден чини 150 денари, а за сместување во еднокреветна соба се доплаќа 50 денари од ден.

Пензионерот при доаѓање во установата треба да приложи специјалистички упат од матичен лекар со закажан термин преку сервисот „Мој термин“, како и одобрување за престој од Здружението на пензионери во кое членува, со потпис и печат во кое е наведено дали здружението го покрива трошоците делумно или во целост и за кој пакет станува збор. Треба да се има предвид дека имаме многу добра соработка со СЗПМ, посебно со здруженијата на пензионерите членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје и од други градови.

**д-р Мишо Михајловски, специјалист-интернист**

Колумна



Мендо Димовски

# Простување

Религијата за своите верници (и неверници), смислено спроведува разни облици и форми за ширење на „вистината“. Создавањето амбиент за доверба и послушност треба да се сфати како возвишена мисија на црквата преку која се проповеда вистината и секому му се дава толку потребен духовен и внатрешен мир. Но спокојот само непостојните можат да го почувствуваат. Одењето во „поубавиот свет“ загарантирано им е на верниците, додека на неверниците и грешниците не им се пишува најдобро. Доколку не им се простат „гревовите“, пеколот не им гине. Сепак, и верниците не се безгрешни. Затоа е измислено простувањето кое главно се практикува само еднаш годишно и секогаш пред Велигден.

Тоа вака би било и би изгледало во нормални услови со строго почитување на обичајните норми и при максимална чесност и посветеност на работата и верувањето. Бидејќи условите не се ни приближно такви, во спротивставен и комплициран стек на околности, никој сам не се разоткрива и не ги признава грешките. Затоа безгрешните рака–подрака одат заедно со грешните и молбата за простување за сите подеднакво се упатува. Спроведувањето на оваа помисла се извршува преку обредните лица кои за секого се молат за да му се простат гревовите. Така, и заслужните и незаслужните, речиси сите се „испраќаат“ во „поубавиот свет“. Тоа на „безгрешните“ не им се допаѓа и настанува пакање за тоа што биле толку предадени на чесноста и на верувањето.

Како и да било, станува збор за фенелиот простување на грешките и на направената неправда некому, можеби и ненамерно, од немањето осет за штетна постапка, по која настануваат последици, а каењето нема влијание врз заборавот. Внатрешниот мир е тотално нарушен, а немирот создава јадеж и обеспокојување. Прашањето само се наметнува, што да се прави во такви ситуации?! Најдобар лек е заборавот. Свесно треба да се пристапи кон таква постапка за да се избрише гневот и гревот на неисполнетиот завет. Треба да се изаби острилото на изговорените зборови за да се намали влијанието врз свеста на погодената особа и да се оправдува тоа што не е за оправдување. Помнењето го раѓа гневот, стравот и недовербата и не остава да стражариме во минатото во кое има случаи и животни поуки кои оставаат вражени во меморијата како неизбришлив главно негативен впечаток. Иако постои волја за заборавање и простување, сепак неочекуваниот потег или постапка, ненадејно вдлабиле траги, кои остануваат запаметени и создаваат негативни чувства и последици.

Без помнењето пак, не би ги имале сите непријатели, должници и недостојници кои несакајќи ги наследуваме од нашите претходници. Се помнат добиените удари, навредите, потсмевот, невратената љубов, а сето тоа за да возвратиме кога ќе бидеме одозгора на тркалото, не оставајќи си раат во убавата страна на животот. И така, се оди во круг.

Имало и ќе има негативно однесување и постапки на блиски другари и пријатели (ако тоа и биле?), колеги, роднини и други познајници, кои намерно или можеби од не знаење и немарност, направиле или се обидувале да направат некаква штета или проблем, да компромитираат, да омаловажат, да обезвреднат, да етикетираат и дескредитираат, да зададат болка и уште многу такви нешта... Ним, навистина треба да им се прости и заборави за направеното поради сопствениот мир и спокојство. Така поголемо влијание и ефекти ќе се постигнат. Треба на душа да им се стави и остави грижата на совест (ако ја имаат) да ги опоменува и нагризува, за да размислуваат и да се јадосуваат?!

Простувањето е одлика на возрасните, на искусните и на мудрите луѓе. Тоа треба да се развива, да се негува и да се пренесува на помладите генерации. Оваа доблест ја поседува најголем број пензионери и припадници на третата животна доба и главно ја пренесуваат на своите деца, на своите внуци, ученици и на сите помлади генерации што имаат можност и што сакаат да ја оживотворат.

Ваквото сознание и практикување на простувањето има широка поддршка од раководството на СЗПМ, кое со сите сили се бори и создава подобри услови за меѓусебна соработка, доверба и сплотеност на припадниците на Сојузот и пошироко. По повод верските празници, како што е и Денот на простувањето, се организираат средби и многу други разновидни манифестации за да се создаде расположение и пријатна атмосфера за рекреација, за дружење, па и за простување.

Но, што да се прави со неверниците и грешниците кои шират лаги, невистини и инсинуации за работата и функционирањето на пензионерската организација?! Тоа е вон дофатот на практикувањето на обичаите и градењето меѓусебна доверба. На ваквите дејанија СЗПМ им се спротивставува со своето дејствување и остварување на програмските задачи, како и со многу други активности за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите и создавање подобри услови за здраво и активно стареење.

Сепак, чудно е што и во овие позни години сè уште има тенденции за нарушување на мирот што треба кај сите да владее и да ни го релаксира останатиот дел од животот. Но, зар може таа вродена (не)карактерна особина некој да ја отстрани?!

ЗП Куманово

# Отворен клуб во с. Љубодраг

Ладното мартовско сончево време не беше пречка за пензионерите од Кумановското село Љубодраг да го означат почетокот на работата на клубот кој со пригодни зборови го отвори претседателот на огранокот **Ранко Апостоловски - Ранче,** како што го викаат неговите колеги пензионерите од Ново Село, Љубодраг и Умин Дол. Тој откако ги поздрави гостите од Куманово и од другите ограноци, истакна дека огранокот го сочинуваат околу 190 пензионери кои со задоволство ќе го поминуваат времето во клубот, што се наоѓа во зградата на Месната заедница.

– Почестени сме со присуство на претседателот на ЗП Куманово, Спирко Николовски, делегатот во Собранието на СЗПМ Хуљуси Салиу и Весел Рамизи, член на ИО на ЗП Куманово, и срдечно ги поздравуваме. Почитувани колеги, клубот е отворен благодарение на силната поддршка од Здружението, локалната самоуправа од Куманово и од Месната заедница, за што сме им многу благодарни, – истакна претседателот Апостоловски и при тоа рече дека Одборот на Огранокот ваков клуб да се орвори има желба и во населбата Умин Дол. **Ј. Тодоровска**

ПЕНЗИОНЕР плус
Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година X – број 104
март 2017 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Груица Манасиев
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

Редакциски одбор:
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Мендо Димовски**,
заменик главен
и одговорен уредник;

Членови:
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Вадије Зендељи
Димитар Чавдаров

Лектор:
Верица Тоциновска

Адреса:
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

Компјутерска обработка:
Томе Ангеловски

Печати:
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Битола

## Одбележан денот на жената

Денот на жената, 8–ми март, свечено се одбележа и во пензионерското Здружение во Битола. Реализацијата на оваа активност ја превзеде Активот на пензионерки при ЗПБ, како и дел од раководството.

– Познато е дека нашето Здужение е најголема пензионерска организација во која членуваат повеќе илјади членови. Денот на жената го одбележуваме секоја година, но со таа разлика што од година во година сме сè поорганизирани, а прославите осмислени. Се раководиме од тоа прославата на Денот на жената да биде достоинствена и во рамките на нашите можности, – истакна потпретседателот на ЗП Битола, Цветанка Ангелковска.



Денот на жената битолските пензионерки го одбележаа со свечена седница и организирана забава во салата на ресторанот „Папараци“. На забавата беа поканети, сите жени што се членки во органите во Здружението, делегатки, претседатели на месни заедници, членки на комисии, одбори на Активите на пензионерки, жените од хорот „Сирма Војвода“ и други.

– Наше е да се потрудиме овој ден да го направиме навистина празник достоен на жената. Секоја година средбите се се помасовни. Особена благодарност кон раководството на нашето Здружение, кое секогаш ни излегува во пресрет кога се работи за вакви и слични организирани активности, – ни посочи во својата изјава **Марика Илиевска**, претседателка на Активот на пензионерки.

Како што е ред, по повод 8 март, од страна на Здружението беа обезбедени скромни подароци и каранфили.

**Добре Тодоровски**

ЗП Гази Баба

## Осмомартовска прослава

Во организација на Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, по повод Меѓународниот празник на жената, на 7–ми март во ресторанот на хотелот брод „Панини“, на Езерото Младост кај Велес, се одржа средба, на која учествуваа повеќе од 160 пензионери. За значењето на овој ден, говореше **Стојна Тодоровска**, потпретседател на Активот на пензионерки при Здружението, која им го честиташе празникот, посакувајќи им многу здравје, среќа и успех, истакнувајќи дека и пензионерките знаат да слават и заслужуваат да се забавуваат и да бидат активни. Таа потенцираше, дека Активот на пензионерки има значајна улога во извршувањето на многу активности во рамките на здружението.

Со пригодни зборови на присутните им се обрати **Ѓорге Андонов**, претседател на ИО на ЗП Гази Баба, честитајќи им го празникот, тој нагласи дека, ваквите средби значително придонесуваат за добро дружење и забава, но и за размена на искуства за пензионерското живеење и соработка.

– Минатата година прославивме 70 години пензионерско организирање во Македонија, а оваа година е јубилејна за нашето здружение и ја славиме четириесет и пет годишнината од своето постоење. Ги реализиравме планираните задачи во сите сфери од работењето, сите сме задоволни од постигнатото, а настојуваме натамошните резултати да бидат уште подобри, – рече Андонов.



**Васил Пачемски**

ЗП Карпош

## И прослава и хуманитарна акција

Пензионерките од ЗП Карпош Денот на жената го прославија на 6–ти март 2017 година на бродот „Панини“ на Езерото Младост кај Велес. Речиси стана традиција Активот на пензионерки неколку години по ред во овој убав амбиент да организира забава и дружење на припадничките на понежниот пол по повод нивниот празник. Околу 150 пензионерки и пензионери во пријатна атмосфера неколку часа поминаа заедно и си го разубавија денот што долго ќе го паметат.



Со пригодни зборови за празникот, веселбата ја отвори претседателката на Активот на пензионерки, **Ратка Коколанска,** а Денот на жената – 8–ми март на присутните пензионерки со желби за добро здравје и долг живот, им го честиташе претседателот на ИО на ЗП Карпош, **Трајко Савески**. Пригодна честитка упати и претседателката за културно–забавен живот, **Лидија Лучко Јеремиќ**, која наедно прочита лична творба од нејзината стихозбирка наменета токму за жената.

Убавата музика сите ги крена на оро и цело време се пееше и се играше со леснотија и покрај натежнатите години. Средбата беше овековечена и со заедничка фотографија на палубата на бродот која ќе сведочи и потсетува на убавите спомени.

Исто така, во чест на Денот на жената во организација на Активот на пензионерки, по иницијатива на Виолета Несторовска, беше организирана хуманитарна акција – собирање облека и обувки за деца со посебни потреби, кои неколку активистки ги однесоа во училиштето „Свети Наум Охридски“.

**Р. К.**

ЗВП и ОВР

## Заедничка прослава на Денот на жената



Во знак на подобрување и зацврснување на меѓусебната соработка, здруженијата на воените и на полициските пензионери од Скопје, по повод Денот на жената организираа заедничка прослава во ресторанот „Ексклузив“ во Кисела Вода. Околу стотина пензионерки, делумно придружувани од припадниците на посилниот пол, неколку часа во пријатна атмосфера, со добра музика и убаво расположение го прославија 8–ми март, празникот на жените.

Пригодни честитки со желби за подобро здравје и подолг живот до славеничките упатија претседателите на здруженијата, **Ѓорѓи Заринск**и и **Спирко Николовски**.

По повод празникот, на истакнатите активистки од Здружението на воените пензионери им беа врачени албуми за слики, а на сите останати, каранфили.

Средбата остави посебен впечаток по организацијата и веселата атмосфера, а веќе се појавија иницијативи за организирање на слични активности и заедничко дружење и настапување на двете здруженија на други манифестации.

**Милка Гирасова**

ЗП Кочани и општина Кочани

## Хуманост по повод празникот 8. март

Годишното празнување на 8–ми март вработените жени во администрарцијата на општина Кочани наместо на заедничко празнување во некој од ресторантите во градот, се одлучија средствата да ги наменат за подароци и посета на дваесетина жени пензионерки, стари, болни и изнемоштени лица на кои на симболичен начин им посветија внимание и им го честитаа празникот.



– Годинава се определивме средствата кои ќе бидат потрошени за прослава во некој ресторан да ги намениме за хуманитарни цели. Подготвивме дваесетина пакети со подароци кои ги наменивме за наши сограѓанки пензионерки на кои им го честитавме празникот посакувајќи им добро здравје и долг живот. Акцијата беше прифатена од страна на сите жени вработени во општинската администрација, – ни изјави **Љубинка Ајтовска**, портпарол на општина Кочани.

Меѓу лицата кои беа посетени беше и најстарата кочанска поетеса Љубинка Давидовска која одбележува осумдесет години живот и се уште пишува поезија за деца и возрасни. Инаку празникот 8–ми март Активот на пензионерки, кој работи во состав на Здружението на пензионери од Кочани го одбележа со заедничка средба во ресторанот „Амор“. На средбата присуствуваа 150 пензионерки кои низ песна и музика си го честитаа празникот и се дружеа.

**К. Герасимов**

ЗП Куманово

## Мојата младост - мојот Живот

Во пресрет на Денот на на жената – Осми март во необичен амбиент, во новата градска сала за венчавање, во Куманово се одржа традиционалната културно забавна програма, посветена на празникот. Во рамките на музичко поетската вечер, беше распишан литературен конкурс на тема: „Мојата младост – мојот живот“, на кој со свои творби зедоа учество 12 автори пензионери. Учесниците имаа можност и да ги презентираат своите песни пред поголем број љубители на убаво пишаниот збор кои присуствуваа на манифестацијата. Но, да одиме по ред. Топло добредојде на гостите им посака претседателот на ЗПК, **Спирко Николовски**, кој упати срдечни честитки до припадничките на понежниот пол, подарувајќи им по еден црвен каранфил, со желба за долг и среќен живот. Потоа следуваше јавно претставување на годинешниве учесници на конкурсот, а меѓу нив се најдоа: Божана Трајковска, Богатин Јовановски, Вера Манева, Киро Илиевски, Душка Гиевска, Аго Хаурдиќ, Живка Милошевска, Зора Ивановска, Исмаил Ганиу, Гордана Поповиќ, Киро Соларски и Наум Јовановски. На сите автори им беа доделени и благодарници, како спомен за учеството на поетската вечер, што им ги врачи претседателката на КУС при ЗПК Славица Ламбаша.



За музичкиот дел се погрижија членовите на КУД „Ѓоко Симоновски“, хористите предводени од диригентката Ивана Пешевска ги изведоа нумерите „Божанствена жено“ и „Црвени рози“, а свој настап имаа и солистите: Вера Манева, Богољуб Манајловски, Божана Трајковска, Калина Бошковска, како и малата Јована Владевска, која на кларинет отсвири неколку кратки музички опуси.

**Јасмина Тодоровска**

ЗП Струга

## Традиционално одбележан 8. март

Иоваа година, како сите други изминати, во чест на празникот 8. март – Меѓународниот Ден на жените, пензионерките од Струга, во весела атмосфера го одбележаа и прославија во хотелот „Амбасадор“. Во присуство на 50 пензионерки и пензионери, претседателот на здружението Милорад Трпоски им го честиташе празникот на дамите од третата доба и посакувајќи им добро здравје, долг живот, среќа и активни пензионерски денови и повторни средби во наредните години.



Што се однесува до годинашава програма за работа на Активот на пензионерки при ЗП Струга, програмирани се многу активности од повеќе сфери, а посебен акцент е ставен на овогодишните интензивни подготовки за настап на регионалната ревија на песни, музика и игри што ќе се одржи на 29 април во Струга. За сите планирани активности во текот на оваа календарска година Здружението финасиски ќе го поддржи Активот, како и празникот 8 март.

Во прекрасниот амбиент и добро расположение, придружени со музика во живо, пензионерките поминаа уште еден незаборавен ден. Весели, разиграни и распеани во ведро расположение беа неуморните играорци, а на оркестарот им се придружи и пензионерот Здравко Стефаноски, кој ја вжешти атмосферата со својот настап.

**С. Кукунешоски**

ЗП Прилеп

## Славење на 8-ми март

Со низа свечени дружења пензионерките – членки на ЗП Прилеп го одбележаа својот празник, Денот на жената, Осми март. Скоро четиристотини пензионерки од кои педесетина од ЗП Демир Хисар како и други гости се веселеа во ресторанот „Евро“ во Прилеп.

Најпрво нив со желби за многу здравје и долг живот празникот им го честита претседателката на Активот на пензионерки, **Снежана Димеска**, а градоначалникот на општина Прилеп, **Марјан Ристески** со честитката за Денот, на секоја пензионерка им подари по еден свеж црвен каранфил.



– Ние во Здружението имаме околу 7.000 членови – пензионерки и тие се вклучени во сите активности на нашетоздружение, – истакна во поздравниот говор претседателот на прилепското пензионерско здружение, **Кирил Ѓорѓиоски**.

Средби на пензионерките по повод „нивниот“ ден претходно се одржаа во Централниот клуб на Здружението, каде пред присутните свои личи творби посветени на жената, мајката, девојката, пензионерката, читаа 8 поетеси – пензионерки, а двете КУД „Пенка Котеска“ и „Пензионер“ исполнија по три свои исполненија. Пензионерките за овој свој ден се собраа и во разграноците во „Тризла 1 и 2“, „Точила“, „Гоце Делчев“ и „Спиро Забрканец“. Секаде беше свечено и достоинствено.

**К. Ристески**

ЗП Радовиш и Конче

# Свечено одбележан 8. март

По повод денот на жената, Здружението на пензионери Радовиш и Конче и ОО на СБМ Радовиш, организираа заедничка прослава за претставничките од понежниот пол.



Со пригоден говор средбата ја отвори претседателот на Здружението **Јордан Костадинов** и честитајќи им го празникот им подари на сите по еден црвен каранфил.

Прославата беше увеличана и со присуството на градоначалникот на општина Радовиш **Сашко Николов** и градоначалникот на општина Конче **Благој Јованов**, кои на присутните им упатија честитки и им подарија пригодни подароци.

Присутните ги поздрави и претседателот на ОО на СБМ Радовиш, **Стојанчо Лукаров**.

Реферат по повод празникот поднесе претседателката на Активот на пензионерки **Павлина Чабукова**, а потоа празнувањето продолжи достоинствено и весело со ведра музика во прекрасниот амбиент во ресторанот „Шампион“ во Радовиш.

**Љиљана Младеновска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Меѓугенерациска средба за празникот

Меѓународниот ден на жената Осми март Активот на пензионерки при ЗП Охрид и Дебрца, годинава го одбележа на поинаков начин од досегашното еднолично и традиционално прославување. Имено, под мотото „Подари цвет – разубави свет“, учениците од трета година од Средното угостителско-туристичко училиште „Банчо Питошески“, го посетија здружението на пензионери на Охрид и Дебрца и на заедничка средба со членовите на Активот на пензионерки, им подарија рачно изработени осмомартовски цветови од хартија, а од својата креативна работилница ги почестија со вкусни колачи и десерти, кои сами ги изработиле со помош на нивните наставници од училиштето. Како шлаг на заедничкото дружење беше честитката на учениците за празникот упатена до пензионерките, со стихови посветени на жената од познатиот македонски поет Гане Тодороски.



На крајот од заедничкото дружење благодарност за честа и вниманието што по повод празникот го направија учесниците на членовите на Активот на пензионерки, топло им се заблагодари претседаелот на ЗП Охрид и Дебрца, **Ѓорѓи Трпчески** и претседателката на Активот на пензионерки, **Ружа Балеска**.

**К. Спасески**

ЗП Крива Паланка

# Празнување по повод 8-ми март

Иова година пензионерките од ЗП Крива Паланка го прославија својот празник. На присутните им се обрати претседателката на Активот на пензионерки, **Анка Стојановска**, која им посака добредојде и се осврна на значењето на празникот.



На прославата присуствуваше градоначалникот на Крива Паланка **Арсенчо Алексовски**, кој им го честита празникот на присутните и им подари по еден каранфил.

На забавата беа присутни претседателот на ЗП Крива Паланка **Славко Стојановски** како и претседателот на инвалидските пензионери **Серафин Стојановски**. Тие на славеничките им посакаа убаво дружење и им го честитаа празникот. Притоа Стојановски истакна дека здружението се грижи во текот на целата година пензионерките да се чувствуваат убаво, бидејќи жената претставува столб на семејството, а овој ден е само едно мало внимание за одбележување на празникот. Забавата и незаборавното дружење на пензионерките траеше до доцните попладневни часови.

**Б. Стојчевска**

ЗП Крушево

# Прослава на 8-ми март

Активот на пензионерки при ЗП Крушево, по повод 8–ми март – Денот на жените организира заедничка прослава и дружење. Прославата се одржа во салата на Пензионерскиот клуб на која присуствуваа над 70 пензионерски. Претседателот на ИО **Глигор Ангелески** ги поздрави присутните и им го честита 8–ми март – Меѓународниот ден на жената. Претседателката за Активот д–р **Савка Христоска** ги запозна присутните со позначајните активности кои се планирани во Програма за работа на Активот на пензионерки за 2017 година.



Во прекрасен амбиент и добро расположение, придружени со жива музика, пензионерките ги заборавија секојдневните проблеми и им се препуштија на музиката, песните и ората се до касните вечерни часови. Ова прослава, која секоја година се одбележува во ЗП Крушево, наиде на големо задоволство од страна на пензионерките.

**Димче Трајкоски**

ЗП Кичево

# Се славеше 8-ми март

Пензионерките при ЗП Кичево свечано го одбележаа 8 март, Денот на жената. Свеченостите започнаа во утринските часови на празникот кога пензионерките организирано ја посетија спомен бистата на борецот жена Олга Софеска – Мицеска во дворот на детската градинка што го носи нејзиното име при што положија свежо цвеќе. Тие не ги заборавија и малите дечиња во градинката поделувајќи им скромни подароци, кои им возвратија и ги поздравија со куплет песнички за мајката. Потоа прославата продолжи во ресторанот на хотелот „Кичево“ каде другарува над



50 пензионерки заедно со повеќе жени од разни установи од градот, како и пензионерки од други градови од Македонија, дојдени да го одбележат својот празник во Кичево.

Според програмата, Активот на пензионерки на пет заслужни свои членки Блага Велјаноска, Нада Мицкоска, Мирка Гиноска, Светлана Крстеска и Вукица Шурбаноска им врачи скромни подароци по повод нивната ангажираност во текот на 2016 година, како на културен така и на спортски план.

Пензионерките не ја заборавија и активноста на секретарот на ЗП Кичево Добре Лазарески, кој секогаш ги следи сите активности на пензионерките и во рамките на програмата на Здружението им помага. По неколку часовната забава пензионерките задоволни го напуштија ресторанот со желби повово да се сретнат догодина.

**А. Ристоска**

ЗП Струмица

# Одбележување на „Тримери“

На 24.02.2017 година по 24.пат се одржа традиционалната манифестација „Тримери“ во организација на Здружението на пензионери Струмица како домаќин. Овој вид на адет се одбележува единствено во Струмица секоја година. На манифестацијата покрај домаќинот присуствуваа: претставници од СЗПМ, ЗП Гази Баба и Карпош од Скопје, ЗП Прилеп, ЗП Гевгелија, ЗП Богданци, ЗП Пехчево и Огранокот на пензионери од с. Покрајчево, ЗП Радовиш и Конче.



Присутните ги поздрави и им посака топло добредојде во градот под царевите кули, претседателот на ЗП Струмица, **Данче Даскаловска**.

**Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ во своето обраќање пред присутните помеѓу другото истакна дека ЗП Струмица е едно од најдобрите здруженија и затоа со задоволство присуствува на оваа манифестација. Потоа пејачката група и оркестарот од Здружението на пензионерите Струмица го презентираше Тримерскиот обред пред присутните гости:

На денот на Тримери свекрвата во придружба на роднини и младоженецот со подготвена синија дизајнирана од страна на свекрвата со суво грозје, леблебија, локум, боза, чурек и разновидно овошје оди на гости кај сваќата. Иста таква синија на свекрвата и дава мајката на невестата. Во домот на невестата сваќите се фалат која има направено поубава синија, се пеат шеговити песни, а дружењето на сваќите знае да потрае до доцна во ноќта. По завршувањето на презентирањето на Тримерскиот обред, продолжи дружењето на пензионерите кои беа дојдени од повеќе градови.

**М.Л.**

ЗП Свети Николе

# Чествување на „Свети Тодор“

Христијански светител и великомаченик Свети Тодор, Македонската православна црква го празнува секогаш во првата сабота по Прочка. Во Свети Николе, во дамнешни времиња во чест на овој празник доаѓале голем број гости од околните села да се причестат во единствената црква во градот




„Свети Николај“, а во центарот во градот се играле ора и се пееле песни карактеристични за фолклорот од светиниколско подневје.

Како некогаш и сега бабите за празникот со голема љубов подготвуваат баница и други традиционални јадења, бидејќи средбата на целото семејство е целосна и поубава кога се ужива во вкусот на традиционалните подзаборавени македонски јадења.

На чествувањето на празникот и оваа година, носител беше Домот на култура, како и на сите културни настани во градот. Во чест на празникот тој го организираше Меѓународниот фестивал на изворен фолклор „Тодорица“, на кој учествуваа фолклорни ансамбли од Македонија кои негуваат изворен македонски, турски, влашки, ромски и албански фолклор, како и претставници од соседната Р. Србија и Р. Бугарија. Фестивалот имаше и меѓугенерациски белег. Во ората кои се виеа низ звуците на тапаните, зурлите, кавалите, ќеманињата и шупелките, учествуваа и деца од десетина години, како и возрасни од седумдесетина години, а целта беше единствена: да се зачуваат од заборавот старите обичаи и традиции од ова поднебје. И овој пат како многупати досега, светиниколските пензионери се дружеа со пријатели пензионери од Велес, Штип, Радовиш, Кочани, Делчево, Струмица и Демир Капија. Покрај играњето и пеењето, тие ги разгледаа и штандовите со традиционални македонски производи и си купија по нешто.

**Вукица Петрушева**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# За 8. март во Поградец

Активот на пензионерките при ЗП Дебар и Центар Жупа, според годишната програма и во согласност и подршка на претседателот на Дебар и Центар Жупа, Џавид Карпузи, по повод Меѓународниот ден на жената, 8. март организира еднодневна екскурзија во Поградец, Р. Албанија, каде пензионерките се дружеја.



Ден пред тоа претседателот на ЗП Карпузи организираше скромен коктел кога на присутните им го честиташе 8 март и им посака добро здравје и убав провод во Поградец. Претседателката на Активот на пензионерките **Маријонка Уштеленца** ги запозна пензионерките со позначајните активности од Програмата за работа и Активот на пензионерки во 2017 година. На 8. март во раните утрински часови во добро расположение и со музика пензионерките тргнаа за Поградец. За време на патувањето со песни и музика и доброто возење од искусниот возач Ислам Дика, заборавија на секојдневните проблеми, и не забележаа дека пристигнаа во Поградец. Иако времето беше дождливо го разгледаа градот и се прошетаа покрај езерото, и се запознаа со повеќе пензионерки од Охрид, Струга, Поградец и од околните места. Оваа еднодневна екскурзија и прослава помина во искрени честитки и задоволство на сите пензионерки.

**У.М.**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Негување на обичаите

Активот на пензионерки при ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје на 25.02.2017 година го одбележа обичајот „Умрело дете за пита“. Легендата раскажува за едно сиромашно дете кое од своите родители барало баница, а тие не можеле да му дадат ниту пак на кој било начин да му обезбедат. Затоа останало кај народот тој ден да се одбележува како обичај и да се прераскажува легендата.

По тој повод, а по иницијатива на Активот на пензионерки, заинтересирани активистки од сите ограноци на Здружението сукале пити и на средбата во клубот на огранокот „Јане Сандански“, што ја отвори претседателката на Активот на пензионерки **Слободанка Николовска**, несебично ги поделиле на сите присутни.



Расположението се надополни со убава песна и заедничко оро, а не изостанаа разни досетки и вицеви на сметка на пензионерите. Вакви средби и среќно поминати мигови се посакувани и добредојдени за надминување и заборавање на потешкотиите што ги носи староста.

**Санда Игновска**


Пензија на 1-ви!
Шпаркасе пакет за пензионери
Точно на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Аплицирајте и за Шпаркасе пакетот за пензионери:
• Потрошувачки кредит со фиксна каматна стапка од 7% во првата година;
• Максимален износ до 300.000 МКД со вклучена Полиса за животно осигурување;
• БЕСПЛАТЕН траен налог;
• Трансакциска сметка и дебитна картичка;
• Дозволено пречекорување со ПРОМОТИВНА каматна стапка од 6% во првите 12 месеци;
• Без надоместок за користење Електронско банкарство.
За повеќе информации, посетете ја најблиската експозитура на Шпаркасе.
SPARKASSE BANK
Банка на вашето семејство.
* 14,18% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 120.000 МКД, рок на отплата 3 години, фиксна каматна стапка од 7,0% п.а. за првата година и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период, трошок за апликација 400,00 МКД, премија за животно осигурување за маж на 64 години од 8.950 МКД (во согласност со условите од осигурителната компанија) и без провизија за одобрување на кредитот. Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.


ДО ЦЕЛ СВЕТ ПРЕКУ ЕДНО МЕСТО - ЦЕЛ СВЕТ НА ЕДНО МЕСТО
Користете туристички аранжмани
ПЛАТИ 100, А ДОБИЈТЕ 106 ЕВРА
ZEGIN TRAVEL
ПАТУВАЈТЕ СО ПРИВИЛЕГИИ
30 евра
45 евра
60 евра
Кај нас Вашите пари вредат повеќе.
Со купени авиобилети добивате 30, 45 и 60 ЕВРА ВРЕДНОСЕН ЧЕК
за бесплатно купување во сите ЗЕГИН аптеки.
Купувајќи авионски карти или уплаќајќи аранжман преку нашата агенција, станувате лојален член на интернационалниот клуб на Зегин со низа поволности.
ВРЕДНОСЕН ЧЕК
Ова го има само во Zegin Travel
За секоја купена авионска карта во зависност од дестинацијата или за уплатен аранжман дома или во странство, добивате вредносен чек со кој бесплатно пазарувате во сите Зегин аптеки, и тоа од целиот асортиман освен лекови.
30 евра (за патување во Европа)
45 евра (за патување во земјите на Блискиот Исток)
60 евра (за интерконтинентални патувања, САД, Канада, Австралија)
Вредносниот чек добиен при уплата на аранжман изнесува 10 % од сумата платена за него.
НАСКОРО ЛОЈАЛНИ КАРТИЧКИ ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ И ЗА ПЕНЗИОНЕРИ СО ПОГОЛЕМ БОНИТЕТ
+389 2 2341 690 +389 2 2341 691
+389 2 2341 692 +389 2 2341 693
travel@zegin.com.mk
ЛОЈАЛНА КАРТИЧКА
6% – 10% попуст
При купување на авионска карта добивате и Зегин лојална картичка со која добивате попуст во зависност од висината на сумата за платената карта.
За износ до 200 евра – 6% попуст
За износ до 600 евра – 8% попуст
За износ над 600 евра – 10% попуст
(Попустот важи до висина на сумата платена за авионската карта)
Зегин лојална картичка добивате и за уплатен аранжман, која ќе ви овозможи попуст од 10% за сите наредни купувања во аптеките на Зегин до сумата потрошена за патувањето.
Вредносните чекови и попустите на лојалната картичка може да ги користите во период од една година.

Интервју со Методија Новковски, претседател на ЗП Ѓорче Петров и на ИО на СЗП на град Скопје

# Во прв план - квалитетно живеење на пензионерите



**● „Почитуван претседателе Новковски, причина за разговорот со Вас е што Вие сте еден од најактивните претседатели меѓу скопските здруженија на пензионери, но и пошироко. Откријте ни ја тајната на Вашата неисцрпна енергија која Ви помага да бидете толку многу активни.**

– Најнапред благодарам за убавите зборови и за Вашата констатација која ме поттикнува да продолжам така и понатаму. Инаку, може да се каже дека нема тајна, туку има мотивираност, желба и инвентивност.

Јас имам завршено филолошки факултет, книжевност и македонски јазик. Најнапред работев како учител во родното село, а потоа во Волково – Ѓорче Петров. Од 1963 до 1982 г. работев во ОУ „Моша Пијаде“ во Ѓорче Петров, најнапред како професор, а потоа како директор. Од 1982 година бев на повеќе општествени функции и се пензионирав како секретар на Советот на Синдикатите на Град Скопје во 1994 година. За свјата општествена дејност имам добиено повеќе награди и признанија. Како што може да се забележи секогаш сум бил опкружен со луѓе и со нивните проблеми и резултати што придонело да бидам постојано активен. Таков сум бил за време на мојот работен век, така продолжив да работам и по пензионирањето како член на моето матично здружение Ѓорче Петров.

**● Кога го споменувате здружението на пензионерите, кажете ни ја во куси црти неговата личната карта.**

– Здружението е формирано во 2001 година, но вистинската негова активност почнува од 2006 година. На почетокот тоа било мало здружение кое опфаќало околу 500 пензионери. Со време, бројот се зголемувал иденес тој да изнесува околу 6.500 членови. Со зголемување на бројот на пензионерите неминовно доаѓа до потреба од формирање разграноци кои денес ги има вкупно 7. Што се однесува до активностите и работата на здружението на почетокот тоа биле скромни обиди и резултати, пред сè од објективни, но и од субјективни причини. Првите обиди биле на спортски план, а потоа се заредиле и други активности како што се: организирање на екскурзии и посети на културни и историски места и обележја, реализирање хуманитарни акции со цел да се подигне стандардот на пензионерите од Општината, соработка со други здруженија, со Црвениот крст, со локалната самоуправа, учество на регионалните и републичките ревии на песна музика и игри, на регионалните и републичките спортски натпревари, како и на турнири на ниво на градот, како членка на СЗП на Скопје. Посебни и подобри активности се одвиваат од 2006 година, кога ЗП Ѓорче Петров станува многу помасовно и поквалитетно како на локално, така на регионално и на републичко ниво во рамките на СЗПМ, чиј активен член е. Денес во секој разгранок има Клуб на пензионери, а постои и клуб за дневен престој. Здружението во 2011 година го одбележа своето десетгодишно постоење и во чест на јубилејот издадена е Монографија, а пет години подоцна издадовме и монографско јубилејно издание со цел да оставиме трага за нашата работа на генерациите кои доаѓаат.

**● Велите дека имате одлична соработка со градоначалникот на Општината Ѓорче Петров, Сокол Митровски.**

– Да. Градоначалникот на Сокол Митровски, присуствува на секој наш собир, манифестација и седници кои имаат посебно значење за здружението. Учествувајќи во нив, тој секогаш посебно нагласува дека Здружението има полна поддршка од локалната самоуправа и конкретна помош во секој поглед. Општината помага во отворање на пензионерско катче во секоја месна заедница, благодарение на што, имаме клубови во сите седум разграноци: Ѓорче Петров, Мирче Ацев, Дексион, Хром, Даме Груев, Кисела Јабука и Волково, а со намера сме да отвориме и други.

**● Вашето здружение активно учествува и на регионалните и републичките ревии на песна, музика и игри. Вие како здружение сте биле и домаќин на регионалните ревии. Кажете ни нешто и за тоа.**

– Пензионерите од нашето здружение се свесни дека фолклорот е стожер на нашата култура и традиција. Ора и песни, мајсторските изведби на музичарите, постојано се наградувани со силни аплаузи и на ревиите и на сите други настапи на кои учествуваат пензионерите. Суштината на заштитата на ова културно наследство лежи и во подигањето на свеста кај јавноста за вековното постоење на овој вид култура на овие простори. Според тоа грижата за зачувување на нашето фолклорно богатство е наш аманет за генерациите кои доаѓаат. Во секој случај, Ревиите сè повеќе стануваат празник на душата и нешто што ги буди сеќавањата на убавото и на незаборавното. Ретко каде, како на овие ревии може да се види како пее Македонка, а ја придружуваат со своите инструменти Албанци и обратно или оро во кое играат Македонци, Роми, Албанци, Срби, со сплотени раце и заеднички чекор... Ревиите на песна, музика и игри се уште еден пример за соживот за помладите генерации од нивните дедовци и баби. ЗП Ѓорче Петров има една неостварена желба да учествува на Меѓународниот фестивал на третата животна доба во Љубљана, Р Словенија, како претставник на СЗПМ. Се надевам дека желбата наскоро ќе ни се оствари.

**● Претседателе Новковски, Вие како здружение имавте чест да бидете домаќини на јубилејната 20-та по ред Пензионерска спортска олимпијада која се одржа во Скопје. Истата успешно беше реализирана. Ова беше голема и одговорна задача.**

– Беше и тешко и одговорно. Почестени и горди што ја добивме оваа задача од СЗПМ ја реализиравме колку што може подобро, со големата поддршка на Сојузот. На Олимпијадата учествуваа околу 1.300 пензионери, од кои околу 400 натпреварувачи. Сето тоа заврши во најдобар ред со песна и оро и незаборавно дружење. Ова беше првпат Олимпијадата да се одржи во Скопје, за што Здружението доби признание и награда од СЗПМ.

**● Вашето здружение е меѓу ретките кое има претседател на Собранието жена и сте убав пример кој треба да го следат и другите здруженија. Кажете ни нешто за тоа.**



– Жената е битен фактор во општеството и пред и после пензионирањето, затоа таа заслужува внимание и признание за сè она што го прави, пред сè, за сите, а на крајот за себе. Жената заслужува благодарност, а пред сè почит. За жал статистичките податоци и кај нас и во светот се поразителни: жените добиват полоши работни места, помали плати, помали пензии. Во ЗП Ѓорче Петров не е така. Активот на пензионерките до 2011 година работеше во составот на комисијата за културен и забавен живот и рекреација, а во 2011 се издвои како посебна форма на дејствување со своја програма и активности. Во реализирање на програмата за работа на Активот, се настојува да бидат вклучени што повеќе пензионерки. За подобро да функционира Активот, во разграноците формира секции на пензионерки и на тој начин опфатени се и жените од руралните средини.



**● Како едно од најактивните здруженија и заради потенцијалот кој го поседувате, бевте избрани да го реализирате пилот-проектот „Социјална пензионерска карта“. Кажете ги вашите искуства на тој план.**

– Ова нешто поопширно ќе го образложам за да ги поттикнам и другите здруженија да се нафатат да направат социјална карта на своето членство. За реализирање на оваа задача ИО изготви посебна програма и во финансискиот план на за 2014 година беа предвидени средства со кои ќе се покријат трошоците направени за пилот-проектот. Со цел да се запознаат одборите на разграноците со програмата за пилот–проектот беа организирани состаноци со претседателите на разграноците, на кои претседателите се запознаа со нивните обврски што произлегуваат од проектот. Тие беа задолжени да изготват листи на анкетари од пет до десет од секој разгранок кои ќе го вршат анкетирањето. Во договор со тогашниот потпретседателот Методија Тошевски и секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова беше направен план за одржување на семинари со анкетарите, кои се одржаа во секој разгранок при што практично им беше објаснето и покажано како се пополнува анкетниот лист, како треба да биде нивниот пристап кон анкетираните и да забележат каков е односот на пензионерите кон оваа активност. Добиените податоци ни служат за нашите активности особено за ранливата категорија пензионери за подобрување на нивниот социјалниот статус и за доделување помош во секој поглед. Сметаме дека проектот „Социјална карта“ треба и останатите здруженија на пензионери да го прифатат, како многу корисен.

**Вие сте претседател на ИО на СЗП на град Скопје во кој членуваат над 80 000 пензионери. Какви активности има овој Сојуз?**

– СЗП на Скопје опфаќа 14 здруженија. На ниво на градот Сојузот особено е активен во решавање на проблемите на пензионерите од подрачјето на Скопје и околните места. Работи преку своите комисии. Неколку години организира пензионерски мултиетнички собир во СРЦ Сарај. За одбележување е мошне успешната и содржајна соработката со градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, како и со пензионерите од Албанија, Србија и Босна и Херцеговина. Делегација на СЗП на Скопје во 2014 година престојуваше во Белград, Србија, во посета на Сојузот на пензионерите на Белград. Во ноември 2015 година претседатели на десетина здруженија, членки на Сојузот, беа во посета на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија, а во октомври 2016 година, делегација на СЗП на Скопје со 12 пензионери од речиси сите скопски здруженија престојуваше во Сараево, Б и Х. Во овие земји имаше средби, разговори, размена на мислења и искуства во интерес на пензионерите.



**● На крајот, кажете ми дали има нешто што не Ве прашав, а сакате да го кажете?**

– Да, има. На 6 март се одржа концерт во Домот на културата во Ѓорче Петров во чест на 8 Март, Денот на жените, на кој присуствуваа 200 пензионерки и пензионери. Одбележувањето беше достоинствено како што ни прилега на годините. И уште нешто. Многумина ме прашуваат како живеам, што права, што изгледам вака витален и активен, иако неодамна влегов во деветтата деценија од животот. Одговорот е активност, дружење и добра мисла што им го советувам на сите мои колеги пензионери, но секако дека тука имаат свој удел и исхраната за која се грижи мојот постојан поддржувач и советник сопругата, како и гените.

## Помош за пензионери со ниски примања

ЗП Ѓорче Петров веќе 5 година по ред доделува парична помош на своите пензионери со ниски пензиски примања. За оваа намена со Финансискиот план за 2016 година беа планирани 600.000 денари. Од овие средства на 240 пензионери им беше доделено еднократно по 2.000 денари. Исто така, Здружението преку Комисијата за социјалните работи во текот на годината изврши и неколку посети на болни и изнемоштени пензионери во нивните домови како и во Геријатриската болница „13 Ноември“. И градоначалникот на Општината Ѓорче Петров Сокол Митровски и годинава традиционално ги посети жителите во пензионерскиот дом во Ѓорче Петров и им ги честиташе новогодишните празници.

Исто така, ЗП Ѓорче Петров веќе шеста година по ред, врши организирано снабдување со огревно дрво на своите членови. Плаќањето пензионерите го вршат на неколку рати. Во 2016 година преку ЈП „Македонски шуми“ – Скопје, им беа испорачани околу 6500 просторни метри огревно дрво. Испораката, квалитетот и количината на огревното дрво се одвиваше добро со мали забелешки на крајниот рок за испораката. Пензионерите коишто на ваков начин се снабдуваат со огревно дрво, се задоволни од одложеното плаќање по прифатлива цена. ЗП Ѓорче Петров планира и оваа година да продолжи со оваа активност, бидејќи интересот за снабдување со огревно дрво е голем.

# „Градовите како и луѓето имаат душа“ - Васил Тоциновски

Авторите само формално замируваат во пензија, тоа на најдобар начин го потврдува и познатиот писател, професор и новинар – Васил Тоциновски кој неодамна ја имаше промоцијата на неговото најново дело „Град со душа“. Секоја книга има сопствен пат и го живее својот живот. „Град со душа“ е дел од критичко–есеистичките ангажирања и резултати на Тоциновски. Делото всушност претставува своевидно продолжение на неговите претходни трудови: „Зборот на времето“, „Волшебности на зборот“, „Времето го нема“, „Кон трајните вредности“, „Мост од Ѕуница“, „Умни книги“ и „Пурпурни дождови“. Од објавувањето на првата „Зборот на времето“, па се до најновата осма со ваква тематика книга „Град со душа“, е временски период од 23 години. Собрани на едно место тоа се податоци кои го составуваат летописот на авторот и на критичарските ангажмани како одраз на тековите и резултатите на современата книжевност.




Книгата „Град со душа“ содржи шеесет текстови вклучени во две целини: „Нови вредности“ и „Записи“. Во првиот дел се критички разгледи на нови дела од различни книжевни жанрови на македонски и на автори од други национални книжевности. Добар дел од нив се предговори и поговори, како и објави во книжевната периодика. Вториот дел се прикажни за луѓе/пријатели со кои авторот соработувал и другарувал и со кои го споделувал восхитот на заедничкото македонство. Тоа ќе рече дека станува збор за записи во кои се меморираат љубовта и довербата, почитта и соработката меѓу народите и државите.

Древната мудрост која поучува дека градовите како и луѓето имаат душа, што авторот милува често да ја преповторува, е мост преку кој Тоциновски не пренесува во истоимениот летопис. Во него запишал по нешто од другарувањето со древната и истовремено вечно млада Риека. Во него престојувал со работна задача – раководител на Лекторатот по македонски јазик и книжевност во академската 2008 – 2009 година на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Риека, Р Хрватска, а останал до крајот на 2015 година. Просторот, времето и луѓето таму биле негова нова младост.

Во летописот „Град со душа“ се вселени многу значајни личности, како што е еден од најголемите македонисти Коран Калоџера и интересни детали и амбиенти од Риека. Како што се нагласи и на промоцијата, секој текст е интересна приказна, секоја страница носи силна порака.

**Цветанка Илиева**

Mbledhje e dhjetë e KE i LShPM

# Janë sjellë vendime të rëndësishme

Më 28.02.2017, në Shkup është mbajtur mbledhja e dhjetë e Këshillit ekzekutiv e Lidhjes shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në të cilën njëzëri është aprovuar Raporti për punën e LShPM, organet dhe trupat e saj, Raporti financiar për vitin e kaluar si dhe Raporti i Këshillit mbikëqyrës dhe është sjellë Vendim për aprovimin e Llogarisë përfundimtare vjetore për vitin 2016. Raportin për punë e ka arsyetuar nënkryetari i Këshillit ekzekutiv i LShPM Salltir Karovski, ndërkaq për Këshillin mbikëqyrës, kryetari Mitre Stojanovski. Për të dy raportet është konstatuar se Programi për punë në vitin jubilar 2016 është realizuar në tërësi, se



Raporti për punë është gjithëpërfshirës dhe i punuar në mënyrë analitike me çka ka përfshirë të gjithë atë çka ka ngjarë në vitin e kaluar. Gjithashtu është të konkluduar se realizimet janë mbi të priturat në çdo pikëpamje dhe se është punuar në bazë të ligjeve, në mënyrë racionale dhe me kujdes për çka dëshmojnë rezultatet me llogarinë përfundimtare vjetore të LShPM për vitin 2016. Një mënyrë e tillë e punës se Lidhja edhe në periudhën raportuese ka arritur rezultate për respekt për çka është kënaqësi edhe për drejtuesit dhe për anëtarët e Këshillit ekzekutiv.

Në mbledhje janë definuar edhe shoqatat të cilat do të jenë nikoqire të revyalet e 15-ta të këngës, muzikës dhe valleve në vitin 2017. **Regjioni i parë – ShP Koçan** (13 maj 2017), **Regjioni i dytë – ShP Tetovë** (12 maj 2017), **Regjioni i tretë – ShP OVR** (25 prill 2017), **Regjioni i katërt -ShP Kratovë** (6 maj 2017), **Regjioni i pestë – ShP Probishtip** (4 maj 2017), **Regjioni i gjashtë ShP Kavadar** (26 prill 2017), **Regjioni i shtatë – ShP Prilep** ( 2 maj 2017), **Regjioni i tetë – ShP Strugë** (29 prill 2017).

Revyali i shtatë Republikan nën patronazhin e Ministrisë së kulturës do të mbahet më 6 qershor në Shkup.

Janë caktuar edhe shoqatat të cilat do të jenë nikoqire të garave sportive regjionale në vitin 2017: **Regjioni i parë – ZPV** (19 maj 2017), **Regjioni i dytë – ShP Saraj** (27 maj 2017), **Regjioni i tretë – ShP Resnjë** (25 qershor 2017), **Regjioni i katërt – ShP Ohër dhe Debarcë** (17 qershor 2017), **Regjioni i pestë – ShP Veles** (30 maj 2017), **Regjioni i gjashtë – ShP Probishtip** (23 maj 2017), **Regjioni i shtatë – ShP Shtip** (10 qershor 2017), **Regjioni i tetë – ShP Koçan** (2 shtator 2017).

Olimpiada e 22-të Republikane do të mbahet më 2 shtator në Koçan.

Gjithashtu, është sjellë vendim për lartësinë e mjeteve të cilat LShPM do t'ju jep shoqatave nikoqire të manifestimeve të përmendura për organizimin më të mirë të tyre. Është vendosur që shoqatave nikoqire të revyaleve regjionale dhe të garave sportive deri më 3.000 anëtarë të marrin nga 40.000 denarë, ndërkaq, shoqatat me numër më të madh të anëtarëve, nga 30.000 denarë, edhe pse pati edhe propozime të tjera. Në mbledhje është vendosur që anëtar i ri në Komisionin për sport të jetë Dimçe Mitrev nga Velesi. Të pranishmit janë informuar se përgatitja e Monografisë me rastin e 70 vjetorit të organizimit të pensionistëve punohet me të madhe dhe pritet që të jetë gati në fillim të muajit prill. Në mbledhje janë sjellë edhe vendime të tjera. **K.S.A.**

Shoqata e pensionistëve komuna Saraj

# Vit më i suksesshëm

Kuvendi i Shoqatës së pensionistëve komuna Saraj, më datë 14.03.2017, ka mbajtur mbledhjen vjetore në të cilën është dhënë Raport për punën e shoqatës në vitin 2016.

Kryetari i Kuvendit të Shoqatës Baki Bakiu, ka folur për punën e Kuvendit, aktivitetet sportive, ekskursionet, zbavitjet, verimin, për ndihmën pensionistëve me pensione të ulëta, informimin, Aktivin e plotësimet në Statut, Programet e komisioneve, pjesëmarrja në gara sportive, në Revyalin etj.

Kuvendin e kanë përshëndetur dhe me diskutimet e tyre kanë dhënë kontribut edhe mysafirët: kryetari i K.E të ShP Tetovë Shaban Azizi, kryetari i ShP Gostivar Nijazi Xhelili, kryetari i K.E i ShP Gjorçe Petrov, njëherësh edhe kryetar i K.E i LShP të Shkupit Medodija Novko-



grave pensioniste, për punën e degëve, Raportin financiar, Këshillin mbikëqyrës etj. Theks të veçantë i ka dhënë hapjes për herë të parë të Qendrës ditore për persona pleq - Klub i pensionistëve, në të cilin në bashkëpunim me Kryqin e kuq, organizohen dhe realizohen aktivitete të ndryshme në dobi të pensionistë-ve.

Kryetari i Këshillit ekzekutiv Mahir Duraku ka folur për punën e Këshillit duke theksuar ndër të tjera zgjedhjen e kryetarit të ri të Këshillit-Shoqatës, zgjedhjen e sekretarit, punën në ndryshimet dhe vski, përfaqësuesja e Kryqit të kuq Tihana Obradoviq, kryetari i Këshillit drejtues i Fondacionit "Albiz" Besim Dauti si dhe Dr. Jovan Deçkov, kryetar i Komisionit për shëndetësi dhe çështje sociale pranë shoqatës në fjalë.

Të gjitha dokumentet që ishin në rend dite: Raporti për punën, Raporti financiar, Llogaria përfundimtare me Raportin e Këshillit mbikëqyrës për vitin 2016 si dhe Plani financiar dhe Programi për punë në vitin 2017, pas shqyrtimit, janë aprovuar njëzëri nga kuvendarët. **B.B.**

Bisedë me Reshat Shabanin, kryetar i degës Bogovinë, nga ShP Tetovë

# Mirëkuptim dhe respekt i ndërsjellë



Në pesë mjediset rurale në anën e Tetovës, pensionistët e së cilës janë të lidhur me ShP Tetovë, Bogovina me rreth 1.000 anëtarë, vepron dhe përfshinë të gjitha dhjetë fshatrat e komunës të shtrira në pjesën e rrafshët të Pollogut dhe të degëve të Malit Sharr. Tanimë dy vite, kryetari i degës është Reshat Shabani, mësimdhënës i pensionuar i mësimit klasor në shkollën Bogovinë dhe Pirok. Me Reshat Shabanin, biseduam për më tepër veçanti nga aktivitetet e degës, për përditshmëritë e pensionistëve, për bashkëpunimin dhe ngjashëm.

**Si realizohet mundësia që një degë me sukses të ndikojë në krahinë më të gjerë me 10 vendbanime?**

- Numerikisht më shumë pensionistë ka në Bogovinë, Pirok dhe Kamjan. Por, ajo s'do të thotë se mjediset tjera i lëmë anash. Përkundrazi, në secilin fshat kemi së paku nga një aktivist i cili është i përfshirë në Këshillin e degës. Ai është një lloj koordinatori. Ajo që bisedohet dhe vendoset në degë, e mbartë tek pensionistët në fshat në të cilin jeton. Kohë pas kohe edhe unë realizoj takime drejtpërdrejt, sidomos nëse ajo është dëshirë e anëtarëve tanë. Me pensionistët takohemi jo vetëm në mbledhjet. Përkundrazi, shumë më tepër për aktivitete të tjera.

**Mundeni të na njoftoni me disa nga këto angazhime të drejtpërdrejta?**

- Mendoj se për atë numrat më së shumti flasin. Vetëm në vitin e kaluar, së paku qindra pensionistë kanë marrë pjesë në ekskursione të ndryshme në vendin tonë dhe fqinjësi. Shoqata e pensionistëve Tetovë, drejtpërdrejtë angazhohet që anëtarët e saj të verojnë në det. Në vitin 2016, 50 pensionistë tanë kanë qëndruar në verim në Durrës - Shqipërinë fqinje, me pagesa minimale. Kështu bëjmë ka katër pesë vite. Në mes të tyre që kanë veruar ka edhe pensionistë të cilët së pari herë kanë parë detin. Në këtë mënyrë kontribuojmë për mëkëmbjen e shëndetit të tyre, që është një nga qëllimet e Shoqatës.

**Në përmbajtjet e aktiviteteve tuaja, shënojmë edhe bashkëpunim me degë të tjera. Si realizohet ajo?**

- Në krahinën në të cilën vepron Shoqata e pensionistëve Tetovë, ka më shumë mjedise fshatare me numër të madh pensionistësh. Dhe ajo është një ndër arsyet për bashkëpunim më të afërt. Kemi raporte të afërta sidomos me degët e Tearcë, Bërvenicë, Grupçin... Ajo kontribuon jo vetëm për afrimin, që nuk është e përjashtuar, por edhe për ndërrim përvojash dhe mbartje përmbajtjesh për punë nga njëra në tjetrën degë. Si rezultat i saj, dy vitet e fundit tre pensionistë tanë janë të kyçura në ekipet për garat sportive. Tanimë jemi kah fundi i formimit të një orkestre të cilin do ta përbëjnë aktivistë të gajdes çiftelisë dhe instrumenteve të tjera. Ajo është parakusht për përfshirjen tonë më të madhe në manifestimin "Këngë, muzikë dhe valle", që mbahet për çdo vit, ndërkaq, këtë vit, Shoqata jonë do të jetë nikoqire e revyalit regjional.

**Na thoni diçka për bashkëpunimin me komunën?**

- Komuna Bogovinë është nënshkruese e marrëveshjes për bashkëpunim me ShP Tetovë. Nga ajo dalin edhe disa raporte të ndërsjella. Përpiqemi që ato t'i zbusim. Kjo sidomos ka të bëj me bashkëpunimin me kreun e komunës Hazbi Idrizi. Për disa mbledhje tona, na janë në disponim lokale në ndërtesën e komunës. Duke i falënderuar këtij bashkëpunimi, hapëm dhe punon me sukses Klubi i pensionistëve në Bogovinë, për çka patëm mirëkuptim të madh edhe tek pronari i lokalit Shaban Shaini.

Edhe dy pyetje i parashtruam gjatë bisedës Reshat Shabanit. Ai ka thënë se dega në mënyrë aktive është kyçur në seleksionimin e pensionistëve me të ardhura të vogla materiale ose pensione më të ulëta. Së paku dhjetëra pensionistë brenda vitit shfrytëzojnë ndihmë të njëhershme në të holla të cilën e ndanë Shoqata. Reshat Shabani ka vërejtje vetëm në aktivitetin e dobët të pensionistëve të fshatit Urviç dhe Jellovjan. Është e njohur se këto dy fshatra kryesisht janë mërgimtarë, por gjithnjë ka pensionistë në fshat dhe mund të kontribuojnë në realizimin e aktiviteteve në degë. **Gojko Eftovski**

ShP Dibër dhe Qendra Zhupë

# Ekskursion njëditor me rastin e 8. marsit



Aktivi i pensionisteve pranë ShP Dibër dhe Qendra Zhupë, sipas Programit vjetor dhe në pajtim dhe mbështetje të kryetarit të Dibrës dhe Qendër Zhupë, Xhavit Karpuzi, me rastin e Ditës ndërkombëtare të grave, 8 marsit, ka organizuar ekskursion njëditorë në Pogradec, R. e Shqipërisë, ku pensionistet janë shoqëruar. Një ditë më parë, më 07.03.2017, kryetari i ShP Xhavit Karpuzi, me rastin e 8 marsit, ka organizuar koktej modest. Në këtë koktej, të pranishmëve kryetari Karpuzi ju ka uruar 8 marsin duke ju dëshiruar shëndet të mirë dhe kalim të mirë në Pogradec. Kryetarja e Aktivit të grave pensioniste Marijonka Ushtelenca i ka njoftuar të pranishmit me aktivitetet më të rëndësishme të cilat janë planifikuar në Programin për punë të Aktivit të pensionisteve në vitin 2017.

Më 8 mars, në orët e hershme të mëngjesit në disponim të mirë dhe ambient të bukur me muzikë, pensionistet janë nisur për në Pogradec edhe atë përmes kalimit kufitar Qafë e Thënës tek Struga. Gjatë rrugëtimit pensionistet me këngë, muzikë dhe vozitje të mirë të vozitësit me përvojë Islam Dika, kanë harruar problemet ditore, i janë dhënë muzikës dhe këngës dhe nuk kanë hetuar se kanë arritur në Pogradec. Edhe pse koha ishte me shi, kanë vizituar qytetin dhe janë shëtitur rreth liqenit, si dhe janë njohur me shumë gra nga Ohri, Struga, Pogradeci dhe vendet përreth. Ky ekskursion njëditor dhe festim ka kaluar në urime të sinqerta dhe kënaqësi nga ana e pensionisteve, me dëshirë që sërish të takohen dhe të shoqërohen. **U.M.**

ShP Strugë

# Sukses në vazhdimësi i grupit këngëtar

Grupi i përzier këngëtar pranë ShP Strugë, më tepër se shtatë vjet funksionon me sukses dhe bën disponim tek struganët dhe pensionistët strugan. Sipas kryetarit të shoqatës Millorad Tërposki, grupi këngëtar është formuar me nismën e tij, kryetares së Aktivit të pensionisteve Elizabeta Llazareska dhe aktivistes Nadezhda Çotoroshkoska. Këngët të cilat gjatë viteve janë dhënë, sot llogariten tradicionale, ndërkaq, në repertorin e grupit, janë edhe këngët: "Në Strugë dyqan të kenë", " përmes Strugës rrjedh Drini", "Dashurova, dashurova", "Çikë, çikë" etj.

- Këngët i mësova nga shumë persona, ndërkaq, disa nga gjyshja dhe nëna ime. Dhe kështu i di që të gjitha këngët e vjetra tradicionale strugave. Tani më 50 vite jam me muzikën dhe atë e kemi në zemër e gjithë familja, ka thënë **Zdravko Stefanoski**, i cili me shoqen e vet Roza janë në përbërje të grupit që nga themelimi.

- Në kohën në Strugë, në vitet e gjashtëdhjeta kishte tjetër përbërje "Struganët e kënduar", ndërkaq, tani jemi vetëm na, - thonë këngëtarët Luba dhe Kërste Jovanoski.




- Aktivi i pensionisteve nën drejtimin e Elisaveta Llazareska ka dhënë kontribut edhe në suksesin e grupit këngëtar. Përmes veprimit të tij vijnë në shprehje masiviteti i pensionisteve, llojllojshmëria e aktiviteteve, zgjerimi i bashkëpunimit me organizata të ndryshme joqeveritare e tjerë. Prandaj, Aktivi ka mbështetje të plotë nga shoqata - materiale dhe financiare - ka thënë kryetari i Shoqatës **Millorad Tërposki** dhe sekretari **Izeir Mustafai.** **Stojan Kukuneshoski**

ShP Kumanovë

# Takim dhe shoqërim ndër gjenerata

Pensionistët kumanovarë edhe njëherë treguan se janë prezantues dinjitet i vlerave tradicionale të trashëgimisë së pasur kulturore, duke organizuar të gjashtën me radhë takim ndër gjenerata me të rinjtë e Kryqit të kuq në Kumanovë. Me rastin e festave Sfeti Trifun, mbrojtësit të vreshtave dhe Sfeti Valentin, Ditën e të dashuruarve, më 14 shkurt të këtij viti në lokalet e OB të Kryqit të kuq, është mbajtur program përkatës kulturor - artistik, i menduar dhe organizuar nga Komisioni për KUS pranë ShP Kumanovë.



Solemnitetin e ka përshëndetur sekretari i Kryqit të kuq i Kumanovës **Bojan Angellovski**, i cili nuk ka fshehur kënaqësinë e tij që festat shënohen bashkërisht, ndërmjet dy gjeneratave, ku formohet një miqësi e pandarë me ç'rast shkëmbehen edhe përvoja nga jeta.

Në emër të pensionistëve të pranishmëve ju ka folur kryetari i KUS, **Sllavica Llambasha**, duke informuara se kjo është e para nga shumë aktivitete të këtij viti të parapara me Programin për krijimtari kulturore. Kontribut në këtë program kulturor - artistik kanë dhënë më shumë këngëtarë të Shoqatës, duke kënduar në solo në realizim dueti. Më shumë duartrokitje kanë fituar aktorët nga shfaqja kabaretë "Në kafenë përballë Stançe", të cilët në mënyrë humoristike kanë kujtuar në momentet e bukura të jetës në kohë tjetër.

Takimi ndër gjenerata ka mbaruar me shoqërim të përbashkët dhe me shpresë se në vitin e ardhshëm sërish do të shihen dhe do të gëzohen. **Jasmina Todorovska**


УЖИВАЈТЕ ВО ПЕНЗИЈАТА!
првиот работен ден во месецот
• максимален износ до 3 пензии
• бесплатна Маестро дебитна картичка
• можност за отплата на кредит до 73 години
Еуростандард банка на своите клиенти пензионери им овозможува да располагаат со средствата од својата пензија уште во првиот работен ден во месецот.
• Дирекција тел. 02/3249-437 ; 02/3249-454
• Градски Ѕид Скопје тел. 02/3217-224
• Партизански Одреди тел. 02/3221-003
• нас. Аеродром тел. 02/2401-225
• нас. Бутел тел. 02/2600-055
• Карпош 4 тел. 02/3090-209
• Радишани тел. 02/2622-304
• Шутка тел.02/2581-175
• Кисела Вода тел. 02/2720-470
• Струмица тел. 034/343-881
• Битола тел. 047/232-434
• Прилеп тел. 048/400-210
• Кавадарци тел. 043/414-726
• Гостивар тел. 042/211-221
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


Рекреативни активности
Здравствена заштита
Физикална терапија
24/7 часовна нега
Домашна кујна
Помош и нега
П.З.У. Сончев дом
Тодоровски
www.soncevdom.mk
тел.078 265 814
078 265 815
info@soncevdom.mk

# Пролетен умор и како да се победи?

Пролетниот умор е предизвикан од промената на годишните времиња кога од студената зима влегуваме во потоплата пролет, познат под името **пролетен синдром.** Пролетниот умор не е заболување, туку збир на физиолошки и психолошки симптоми меѓу кои најчест е падот на енергијата. Тоа е состојба за која сѐ уште не може да се каже што ја предизвикува, но се почесто како причини се спомнуваат хормоните. За што станува збор? Како што е познато, во текот на зимата деновите се пократки со малку сончеви периоди, што го отежнува создавањето на потребната количина **серотонин** – хормон одговорен за чувствата на задоволство и среќа. Затоа некои од нас во текот на зимските денови страдаат од депресија. Секако, кога недостасува серотонинот кој го подига нивото на енергија и не прави поактивни, улогата ја презема друг хормон познат под името **мелатонин,** кој е задолжен за спиењето. Со доаѓањето на пролетта нивната улога се менува, доаѓа до хормонален пресврт на кој телото мора да се навикне. Како реакција на воспоставената нова рамнотежа, се јавува изморeност како и некои други симптоми. Еден од тие симптоми е **летаргичната поспаност** - реакција поради падот на крвниот притисок, а го предизвикува промената на температурата, односно честото менување топли и студени периоди во пролетните денови. Од другите симптоми како физиолошки така и психолошки, може да се издвојат и вртоглавицата, главоболката, мигрената, како и чувството на болка во зглобовите, раздразливост и друго. Ова придонесува да се чувствуваме непријатно и да имаме тешкотии при извршување на вообичаените дневни обврски. Се разбира дека симптомите се индивидуални и различни кај разни луѓе.

Како и да е, утврдено е дека лицата кои се склони кон **промена на крвниот притисок,** како и оние кои имаат понизок крвен притисок, повеќе ги чувствуваат симптомите на пролетна премаленост. Добра вест е дека пролетниот умот не трае долго и исчезнува кога нивото на серотонинот во телото ќе се стабилизира, но ако симптомите на потраат подолго од три седмици, добро би било да се посоветувате со лекар. Сигурно се прашувате постои ли начин да се победи пролетниот умор? Постојат начини како истиот да се ублажи, а еден од тие е исхраната.

**Која храна е најдобар избор?** И овде важи општото правило: да се јаде што повеќе овошје и зеленчук и храна која е богата со растителни влакна, а да се избегнува мрсна храна и сите рафинирани продукти. Затоа намалете го внесувањето на пржена храна и определете се за заленчук варен на пареа со додаток на ориз или тестенини. На менито би требало да има: храна која постепено го отпушта шеќерот во крвта, што го пролонгира осетот за ситост и ја чува едергијата; храна богата со растителни влакна како што се: леќа, грав, кафеав ориз и леблебија; ленено и сусамово семе; лути пиперчиња; храната која е богата со магнезиум, зелен зеленчук како марули, брокули, зелка, грашак...

**Кои навики би требале да ги промените за зголемување на енергијата и ослободување од пролетниот умор? Јадете почесто,** но во помали количини, за да се одржи стабилно нивото на шеќерот во крвта. Исто така, не смеете да ја занемарите и телесната активност. Таа ќе ви помогне да ја зголемите енергијата, да го подобрите расположението, да ја подобрите циркулацијата на крвта во мозокот, со што ќе ви се зголеми и самодовербата. Излезете на прошетка и не заборавајте да внесувате доволно течност. Добар додаток во исхраната е витаминот В и **селенот,** но секогаш посоветувајте се со стручно лице и суплементацијата адаптирајте ја на вашите индивидуални карактеристики.

Т.Г.

# Што е подобро - детоксикација или пост?

Сакате да го ослободите телото од насобраните токсини, но не сте сигурни што ќе биде подобро за вас – детоксикација или пост? **Детоксикација** е елиминација на токсините (отровите) од телото со помош на специјално смислени менија, здрави пијалаци и природни производи за чистење на организмот. За разлика од детоксикацијата, која вклучува и консумирање храна, постот е привремено, делумно или целосно исфрлање одреден вид храна од исхраната. **Постот** може да биде и само пиење вода, без внесување хранливи материи или пиење само свежо исцедени сокови од зеленчук и овошје, со цел организмот да се исчисти од токсините (отровите) кои сме ги внеле во организмот на разни начини. И едниот и другиот начин имаат свои добри страни.

**Придобивки од детоксикација**

Иако не можеме да го промениме воздухот кој го дишеме и светот околу нас кој е заситен со токсини, можеме барем да одбереме здрава храна и еколошки чиста околина. Така значително ќе се намали изложеноста на нашиот организам на штетните материи и отрови. Исто така, постојат и нешта, најчесто растенија, кои ни ги дала природата, а кои извонредно го чистат организмот. Од некои се користи плодот, од други лисјата, од трети коренот... Такви „чистачи“ се: лимонот, портокалот, цитронот, листовите од глуварче, лукот, разните видови салати и зелениот листен зеленчук како што се кељ, зелка и марула, грав и други. Што се однесува до придобивките еве некои од нив:

**1. Ја подобрува работата на органите и крвната слика -** Токсините најмногу се таложат во главните органи на телото, како што се црниот дроб и абдоминалните (стомачни) органи, па затоа, тие имаат најмногу корист од детоксикацијата односно таа ја подобрува нивната функција. Ако, на пример, спроведете детоксикација вашите надбубрежни жлезди нема да бидат оптоварени и ќе функционираат подобро и полесно ќе се справи вашиот организам со секојдневните стресни ситуации. Ќе ви ја подобри и циркулацијата на крвта, ќе го намали крвниот притисок, ќе го намали и нивото на холестеролот во крвта, и ќе го поттикне варењето на храната.

**2. Го зајакнува имунолошкиот систем и штити од болести**

Со квалитетна детоксикација, уште повеќе ќе се ослабне влијанието на слободните радикали и ќе се зајакне одбраната на вашиот организам. Таа ќе ви овозможи долгорочна заштита од рак и други тешки сериозни болести. Важно е да се напомне дека детоксикацијата може и треба да ја спроведувате многу подолго од постот. Долготрајната детоксикација подразбира долготрајна промена во исхраната и претставува еден вид превентива.

**3. Енергизирање на телото -** Токсините присутни во вашето тело го исцрпуваат организмот, при што чувствувате тежина, поспаност, безволие. По детоксикацијата се чувствувате лесно, полни со енергија, ослободени од хроничниот замор. Многу подобро ќе паметите и полесно ќе се концентрирате.

**4. Длабински го чисти телото -** Здрав човек кој навистина внимава во изборот на храната, успева да исфрли повеќе токсини, отколку што наталожува во организмот. Детоксикацијата му помага на телото да се ослободи од секаков вишокот на отпад.

**5. Поттикнува на воведување позитивни навики и начин на живот -** Кога еднаш ќе направите детоксикација на организмот, повеќе нема да сакате да се откажете од постигнатото физичко и ментално здравје, така што во вас ќе се појави потреба за трајна промена на стилот и начинот на живеење.

**Придобивките од постот**

Постот ви овозможува одмор не само на вашиот дигестивен систем, таку и на целото ваше тело. Придонесува за ментално зајакнување, и не треба да се поистоветува со изгладнување. Тој бара дисциплина и секогаш се спроведува со одредена цел: прочистување на организмот или оздравување од некоја болест. Можете да го практикувате неколку пати во годината, најдобро за викендите или за време на промената на годишните времиња. Постот за разлика од детоксикацијата е потежок за издржување и потребна е силна мотивација за да опстанете. Еве некои придобивки од постот:

**1. Ги намалува инфекциите и воспалителните процеси -** Микробите во телото главно се хранат со шеќер. Со постот ќе им се скрати храната на предизвикувачите на инфекции, без разлика дали станува збор за вируси, габички, бактерии или паразити.

**2. Придонесува за губење на тежината и го чува здравјето на цревата -** Постот помага во губење на тежината и го поттикнува согорувањето на масните клетки во телото подобро од диетата. При постот организмот наместо да користи шеќер за производство на енергија, ги користи тие масноти. На цревата им овозможува здивнување и одмор од преработката на храната, придонесува за нивното здравје и го забрзува метаболизмот.

**3. Ги елиминира токсините од организмот -** Постот кој вклучува свежо исцедени сокови ефикасно ќе ги исфрлува токсините од телото. Ако земате и одредени билни чаеви, неговата ефикасност ќе биде максимална.

**4. Придонесува за долговечност и ја подобрува работата на мозокот -** Истражувањата покажале дека луѓе кои јадат помалку, живеат подолго. Ако секоја недела постите барем еден ден, ги зајакнувате менталните способности и придонесувате да имате подобро здравје.

**Дали сте знаеле дека и животните постат?** Кога животните се болни, престануваат да јадат. Тогаш тие наместо на храна се фокусираат на одморање. Така, на пример, кога мачката има заболен црн дроб, пасе само трева! Човекот, всушност, е единственото суштество, кое зема храна дури и кога е болен или кога воопшто нема потреба за храна.

Како опомена: ако имате поголеми здравствени проблеми, пред постот, консултирајте се со вашиот лекар!

Б.А.

# Зошто е корисен витаминот А

Витаминот А е име за група на хранливи материи кои се од суштинско значење за здравјето на луѓето. Во оваа група се вбројуваат ретиноиди (ретинол, ретинил естер, ретинал и ретинска киселина) и каротеноиди. Од каротеноидите најзначаен е бета–каротен, растителен пигмент кој во организмот се претвора во витамин А. Поради своите исклучително добри ефекти врз здравјето на кожата, витаминот А денес е неопходен дел од козметичките препарати. Особено се користи како додаток на креми за намалување на брчки,како и во производи за заштита од УВ зрачење.

**Лековити својства на витаминот А**

Витаминот А е моќен антиоксиданс кој повеќекратно се користи за целокупното здравје. Како и сите антиоксиданси и тој е ефикасен борец против штетното дејство на слободните радикали. Помага за зајакнување на имунолошкиот систем и за изградба на црвсти и силни коски. Еве некои од неговите лековити својства, а се разбира дека ги има многу повеќе:

**1. Го чува здравјето на очите -** Витаминот А е од суштинско значење за здравјето на очите и зачувување на видот. Учествува во создавање на видниот пигмент поради кој се смета за одличен сојузник во превенцијата од ноќно слепило. Важен е и во борбата против старечка макуларна дегенерација, глауком и катаракта.

**2. Ја подмладува и ја лекува кожата -** Овој витамин може да биде корисен во елиминирањето на бројни дерматолошки проблеми. Помага во лекување на акни, егзема, псоријаза, изгореници и други кожни тегоби. Го поттикнува производството на колаген и така придонесува за обновување на оштетеното ткиво, односно побрзо заздравување на раните, без разлика дали станува збор за повреди или хируршки зафати. Ја превенира појавата на хиперпигментација, ја храни, негува и влажни кожата, ја штити од брчки и други знаци на предвремено стареење како што се разни кератоци кои ги напаѓаат главно старите луѓе. Поради позитивното дејствување врз кожата често се содржи во кремите и други козметички препарати и мелеми.

**3. Штити од инфекции -** Витаминот А е моќен борец против инфекции, а особено е ефикасен кога се користи во комбинација со витамин Ц и цинк. Го јакне имунолошкиот систем, лекува респираторни и синусни инфекции, ублажува грип, настинка и кивавица. Посебно е корисен за децата и возрасните лица. Истражувањата покажуваат дека редовното внесување на овој витамин го намалува процентот на деца кои страдаат од белодробни инфекции. Кај децата, но и кај постарите луѓе кои страдаат од тешки белодробни болести е откриено ниско ниво на витаминот А. После само неколку дози од овој витамин кај истите е забележано подобрување на функцијата на белите дробови. Покрај тоа, кај децата кои добивале доволни количини на витамин А, потврдено е многу побрзо закрепнување од сипаници, како и мал процент на компликации поврзани со оваа болест.

**4. Помага при варење на храната и стомачни тегоби -** Витаминот А се покажал како одличен додаток во третманот на некои цревни болести. Студија спроведена на Харвард го потврдила неговото позитивно дејствување кај колитис (грчеви), Кронова болест (воспалување на тенките црева) и чир на дванаесетпалечно црево. Истата студија потврдила дека кај луѓето кои консумираат поголеми количини на витамин А се намалува ризикот од чир за дури 50%, што секако не е за потценување.

**5. Го спречува ракот -** Научните истражувања покажуваат дека дефицитот на овој важен витамин може да биде поврзан со појавата на одредени видови рак, вклучувајќи рак на кожа, рак на простата, дебело црево, како и некои форми на леукемија. Откриено е дека луѓето кои страдаат од горенаведените видови рак имаат многу пониско ниво на ретинол во крвта, од она кое се смета за оптимално. Неодамна објавената студија во списанието Immunity, а спроведена на Стенфорд Универзитетот за медицина во Пало Алто, Калифорнија, открила дека ретинската киселина може да игра значајна улога во превенција од рак на дебелото црево. „Со години е познато дека ретинската киселина е одличен сојузник во потиснување на воспаленијата во стомакот“, вели главниот автор д–р Edgar Engleman, професор по патологија и медицина на истиот Факултет. Исто така, според научниците, витаминот А може да ја забави повторната појава на рак после операција. Во едно истражување проучувано е дејствувањето на витаминот А на 307 пациенти оперирани од рак на бели дробови. После дванаесет месеци, кај поголем број пациенти кои примале витамин А туморот не се повторил. Кај мал број пациенти туморот се повторил, но бил далеку помал отколку кај пациентите кои воопшто не земале витамин А.

**Природни извори на витамин А**

Витаминот А се јавува во форма на ретиноиди и каротеноиди. Од каротеноидите најзначаен е бета-каротенот, кој е присутен во многу видови овошје и зеленчук, а најмногу во темно зелениот лиснат зеленчук, како и во жолт и портокалов зеленчук и овошје. Добри извор на бета–каротен се:

Зеленчук: спанаќ, магдонос, карфиол, кељ, зелена салата, боранија, грашок, зелка, модар патлиџан, морков, цвекло, домати, грав, семки од тиква, пченка, компири,

Овошје: праска, кајсија, круша, јаболко, сливи, рибизли, грозје, портокал, ананас, малини, јагоди, боровинки, смокви.

Во одредени случаи, може да се јави дефицит на витамин А, поради што е неопходно негово зголемено внесување, како би се избегнало дополнително нарушување на здравјето. Тоа првенствено се однесува на луѓе со недоволна телесна тежина, луѓе со ослабен имунолошки систем и хронично болни.

М. Дамјаноска

ЗП Битола

# Старата амбуланта во Новаци ќе стане старски дом за 40 лица

Нов старски дом ќе биде отворен во општина Новаци. Проектот е по основ на јавно партнерство на општината Новаци со приватен инвеститор. Ова ќе биде првиот дом за стари во руралнa средина во битолскиот регион и пошироко и се очекува да ја задоволи потребата за прифаќање и сместување на дел од постарата популација.

Организацијата на жени на Општина Битола направи опсежна анализа за состојбите со старите лица во општините Битола, Могила, Новаци, Демир Хисар, Ресен, од која се заклучи дека постојните сместувачки капацитети – старски домови ни оддалеку не ја задоволуваат потребата за терен. Само колку за илустрација, ЗП Битола има околу 18.000 пензионери, категорија на луѓе кои се најблизу до потребата на старски дом, а моментално во градот, во еднините од државен дом и едниот хоспис има околу 250 места за сместување.

Општината Новаци ја препозна објективната потреба, но ги проучи и можностите кои се нудат: државни грантови за изградба на старски домови, поттикнување на женското претприемништво, прекуграничната соработка, ИПА фондови, како можности за остварување на оваа активност и се одлучи за јавно партнерство со приватен инвеститор.

Домот за стари ќе биде сместен во поранешната амбуланта во Новаци во близина на комбинатот РЕК. Објектот го очекува реновирање, а околината озеленување и разубавување, со што во овој дел на Пелагонија ќе се направи оаза во која старите лица ќе пронајдат пристојно место на живот. Се очекува во домот да бидат вложени околу 200 000 евра.

Светлана Петковска

# Грижа за стари лица во домашни услови



Започна имплементација на проектот „Креирање на можности за нови вработувања на жената“ со чија реализација се очекува да се подобрат практичните вештини и искуства во обезбедувањето на услуги за помош во домашни услови за стари и изнемоштени лица. Проектот предвидува зголемување на потенцијалот за долгорочно невработени жени над 40 години. Најнапред ќе биде извршена селекција на 40 невработени жени за кои потоа ќе се спроведе обука со практичен и теориски дел во траење од 4 месеци и ќе им се обезбеди индивидуална психо–социјална подршка. Со проектот ќе се опфатат 80 корисници, а ќе се истражи квалитетот на испорачаните услуги. Покрај можностите за вработување на долгорочно невработени жени ќе се придонесе и кон развивање на вонинституционалните форми на социјална заштита на старите лица. Со верификување на програмата за обука за негувателки за грижа на стари лица во домашни услови ќе се овозможи зголемување на бројот на едуцирани лица кои ќе испорачуваат услуги во домот, а кои во моментот се дефицитарни. Се очекува проектот долгорочно да го поттикне јавно–приватното партнерство, а услугите да бидат понудени и од приватните и од јавните установи, од кои се очекува да соработуваат поинтензивно во квалификациите и утврдувањето на стандарди на услугите. Проектен координатор е Црвениот крст на Република Македонија, а партнери се Австрискиот црвен крст и „Хуманост“ од Скопје. Во поедини фази ќе биде вклучен и СЗПМ, а пред се во селекцијата на корисниците. Проектот е финансиран од Европската Унија со 142.974,80 евра и од Австрискиот црвен крст со 10.000,00 евра.

Г. Хаџи-Васков




## АФОРИЗМИ

### За книгата и читањето

● Во младоста треба да се сака, во зрелоста треба да се пишуваат книги, а во староста да се кажува вистината.
● Добрата книга е наследство кое им припаѓа на сите.
● Често пати наоѓаме повеќе задоволство во книгата што ја читаме, отколку во сопствениот живот.
● Добрата книга е најдоброто друштво.
● Интересно, но вистинито: колку повеќе се дружите со книгите, се помалку ви се потребни луѓе за дружење.
● Кој јасно мисли и јасно се изразува, пишува убави книги.
● За секој писател најдобри критичари се читателите.
● Лесно е да се држи говор, тешко е да се напише книга.
● Книгата ни помага или подобро да живееме или подобро да го поднесуваме животот.
● Книгата е корисна за здравјето колку и спортувањето.
● Книгите треба да се читаат разумно и внимателно, онака како што се пишувани.
● Најди време за работа, таа е цена на успехот.
● Најди време за размислување, тоа е клуч на моќта.
● Најди време за љубезност, таа го отвара патот кон среќата.
● Најди време да сакаш и да бидеш сакан, љубовта е тајната на вечната младост.
● Најди време за смеа, таа е музика на душата.
● Најди време за читање, тоа е основа на мудроста!

### За работа

● Работата му дава на човекот достоинство и независност.
● Работењето на човекот му го продолжува животот, не работењето му го скратува.
● Безделништвото е извор на сите пороци.
● Работата бара совет од стариот и сила од младиот.
● Да работиш, значи да го исполнуваш животот со животна радост.
● Тајната на успехот во животот не е во тоа да работиш што сакаш, туку да го сакаш тоа што го работиш.
● Само оние кои ништо не работат, негрешат.
● На лозјето не му треба молитва, туку мотика.
● Човекот што работи, никогаш не е несреќен.
● Работата ги отстранува трите најголеми зла: здодевноста, пороците и немаштијата.
● Работи и сакај, се друго нема смисол.
● Човекот е создаден да работи, да трпи и да се бори; ако не прави така ќе пропадне.
● На работата се темели напредокот на човештвото.
● На вредниот човек денот му е кус.

М.Д.

## КРСТОЗБОР

| СЗ ПМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | СЗ ПМ | 7 | 8 | 9 | СЗ ПМ | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| СЗ ПМ | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16. Престолнина на Република Македонија,седиште на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македоније; 17. Подземно животно; 18. Машина за ткаење; 19. Парче ткаенина за одржување хигиена; 20. Легендарна американска рок група; 21. Плодно место во пустиња; 22. Кинеско машко име; 23. Град во Италија; 24. Основна организација на здружен труд(крат.); 25. Индустриска област во Германија; 26. Храбро, бестрашно; 27. Народна република (крат.); 28. Облека, униформа (мн.); 29. Автознак за Германија; 30. Хемиски знак за кислород; 31. Полет, занес (мн.); 32. Иницијали на писателот Александар Поповски; 33. Грофовија во Англија; 35. Кинески музички инструмент; 36. Името на американската легендарна соул пејачка Тарнер; 37. Место во општините Дебар и Ресен; 38. Кратенка за Австриската новинска агенција (Austria Press Agentur); 39. Дом, живеалиште; 40. Вид граблива птица; 41. Швајцарски правник и политичар, Густав (1845–1928); 42. Дел од радио и телевизиски приемник; 43. Познат српски шахист, Бора (1907–1987); 44. Престолнина на Турција.

**Вертикално:** 1. Сојуз на комунистите на Македонија(крат.); 2. Карст; 3. Оној што добил опомена; 4. Иницијали на артистот Петар Арсовски; 5. Хемиски знак за јод; 6. Балтичка држава; 7. Град во Хрватска; 8. Издаденост на копното во море; 9. Основа на се околу нас според таоизмот; 10. Разделување; 11. Првата самогласка; 12. Согласка и самогласка; 13. Препрека на патот; 14. Место на јапонскиот остров Шикоку; 15. Англиска мерка за должина (0,9144 м); 17. Мерка за површина на земјата; 18. Народно–ослободителен одбор (крат.) 20. Средство за работа; 21. Град во Јапонија, близу Осака; 23. Буква од латиницата; 24. Хемиски знак за радиум; 25. Музичка нота; 26. Оска, осовина (герм); 27. Хрватска нафтена индустрија; 28. Град во Австралија; 29. Спорење; 31. И така натаму (крат.) 32. Германски филозоф, Фридрих (1778–1841); 33. Автознак за Велес; 34. Вид долгоопашест папагал; 36. Наша негација, а грчка афирмација; 37. Територијална одбрана(крат.); 38. Иницијали на писателот Александар Кујунџиски; 40. Хемиски знак за азот; 41. 17–та буква од азбуката.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**решение:** Скопје, крт, разбој, крпа, Сантана, оаза, Мао, Атри, ООЗТ, Рур, смело, НР, одори, Д,О, елани, АП, Есекс, кин, Тина, Евла, АПА, стан, јастреб, Адор, антена, Тот, Анкар)

## Хумор

Фата го буди Мујо околу полноќ:
– Нешто тропа. Изгледа влегол крадец?!
– Не се секирај, спиј си! Ќе си оди кога ќе види дека пари немаме, злато немаме, а и фрижидерот е празен!

*****

Играат двајца шах. Размислуваат 3, 4, 5 часа
– Ајде бе мрдај потез!
– Шо бе јас сум на ред?

*****

Отишол Мујо на театар, па кога се вратил Фата го прашува како поминал:
– Море остај жено, досадно беше што да ти кажувам.
Само на крајот беше интересно, кога делеа капути. Јас три си земав.

*****

Отишол Џемо да бара работа.
– Ве молам да ме примите, дома имам 12 деца.
–Добро, друго за што ве бидува?

*****

Трпе ограбил банка. Полицијата го фатила и го однела на суд.
Судијата:
– Ако ги вратиш парите, ќе ти ја намалам казната.
Трпе:
– Да сакав да враќам пари, ќе си земев кредит!

*****

– Знаеш ли Трпе како се вика човек кој молчи и не се расправа кога не е во право?
– Не знам
– Мудрец, Трпе, мудрец!
– А знаеш ли како се вика човек кој молчи иако знае дека е во право?
– Е, тоа знам: оженет човек!

*****

Учителката ги прашува првооделенците?
– Кој до колку знае да брои?
– Се јавува Трајче. Еден, два, три.
– Браво Трајче, знае ли некој повеќе.
После мала пауза ете го малиот Трпе.
– Јас знам учителке. Еден, два, три,четири, пет, шест, седум, осум, девет, десет, хандар, дама, поп!
– Кој те научи така Трпе?
– Дедо учителке, кога играме карти!

*****

Си разговараат Трпе и Спасе и Трпе го прашува Спасета:
– Знаеш ли Спасе како изгледа совршена жена?
– Не!
– Згодна, нимфоманка, одлична готвачка со сопствена продавница за алкохол.

*****

После погребот, Перса и изјавува сочувство на својата најдобра пријателка:
– Бог да го прости мажот ти, сега барем нема да се секираш и секогаш ќе знаеш каде е.

## Орелот и човекот

Еден човек фатил орел, брзо му ги посекол крилјата и го оставил дома со кокошките. Тој се држел жално поради својата бедна положба. Еден човек го ослободил пак да се открили, па тој ги раскинал крилјата, фатил еден зајак и веднаш му го однел како подарок на својот добротвор. Лисицата го забележала тоа и почнала да вика: „Немој ти да го дарувааш него, туку оној првиот, да не те улови пак и одново да ти ги потсече крилјата“.




Моралот: Треба да се даруваат добротворите, а лошите треба да се избегнуваат“.

Директорите на ФЗОМ во работна посета на СЗПМ

# „Фондот поблиску до пензионерите“ продолжува и во 2017



Директорите на ФЗОМ, д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани, на 21 февруари 2017 година остварија работна посета во новите простории на СЗПМ во Скопје, при што имаа средба со претседателот, Драги Аргировски и неговите соработници, како и со членовите на Комисијата за здравство и социјална политика. Ова е вообичаен начин на комуникација и соработка кој се практикува веќе петта година. На средбата се разговараше за повеќе прашања од областа на здравствената заштита и осигурувањето на пензионерите. Едно од прашањата беше конкретизирање на активностите во проектот „Фондот поблиску до пензионерите“ за 2017 година. Договорено е одржување на 30 едукативни работилници во здруженијата на пензионерите во нашата земја.

Ова е исклучително важен проект, истакнаа директорите на ФЗОМ, затоа, интензивно ќе се одвива и оваа година за пензионерите, кои се една од најбројните категории осигуреници во Република Македонија.

– Повеќе од 300.000 пензионери се корисници на здравствено осигурување и од тие причини се посветуваме максимално и се фокусираме со работата кон оваа таргет група, за пензионерите да остварат што повеќе права од здравственото осигурување – нагласи директорот Стефаноски.

Претседателот Драги Аргировски на средбата меѓу другото истакна:

– Проектот „Фондот поблиску до пензионерите“ дава одлични резултати бидејќи има масовно присуство на работилниците во градовите каде се одржуваат. Добро е што и годинава ќе продолжи оваа акција во интерес на сите пензионери во земјата. Веќе трета година, пензионери кои имаат пензија до 12.600 денари имаат право на бесплатно болничко лекување, а тоа за нив има големо значење. Нашите настојувања се овој бенефит да се прошири и да опфати што поголем број пензионери, – додаде претседателот на СЗПМ Аргировски.

Членовите на Комисијата за здравство и социјална политика при ИО на СЗПМ активно се вклучија во разговорите.

**И. Глигоров**

ЗП Кратово

# Средба по повод празникот Свети Ѓорѓи Кратовски

По повод празникот Свети Ѓорѓи Кратовски, патронот на градот Кратово, а во организација на ЗП Кратово, на 23.02.2017 година се одржа традиционалната средба на пензионери од повеќе здруженија членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

На средбата организирано присуствуваа членови на ЗП Пробиштип, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Кочани, ЗП Свети Николе, ЗП Тетово и домаќинот ЗП Кратово, како и поединци и групи на пензионери во сопствена режија од повеќе други градови од Република- во и Јегуновце – Тетово.

На свеченоста во името на Македонската православна црква владиката Петар му врачи одликување на Мите Андоновски, градоначалник на општина Кратово.





та. Пензионерите, најнапред ја посетија црквата Свети Ѓорѓи Кратовски и присуствуваа на литургијата на која чинодејствуваа владиците господин Петар, господин Иларион, господин Јосиф и други свештенослужители. Потоа, на плоштадот „Павел Шатев“ во Кратово се проследи програма на културно-уметничките друштва од Крато-

Во хотелот Кратис беше организиран заеднички ручек, дружење и веселба.

Треба да се напомене дека на оваа веселба покрај преседателите и секретарите на погоре наведените Здруженија на пензионери, присуствуваше и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски. **Методи Мишевски**

ЗП Гази Баба

# На презентација на храна во Перник

На 26. Меѓународен карневалски фестивал, во делот на изложбата на храна, за зимскиот период, кој се одржа во Перник, Р. Бугарија, учествуваа и се претставија Здруженија на пензионери од повеќе земји од Европа. Со свои експонати учествуваа и пензионерите од ЗП Гази Баба од Скопје, на покана од ЗП Перник, со кое пред повеќе години имаат воспоставено взаемна соработка. Кулинарските креации од тимот на ЗП Гази Баба, на изложбата, од вештите раце на вредните пензионерки, не останаа незабележани од посетителите.



Во официјалниот дел, домаќините и гостите, во име на Здружението, ги поздрави **Стојна Тодоровска**, потпретседател на Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, која им пренесе поздрави од претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, од градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски и од ЗП Гази Баба.

– За оваа изложба, нашите активисти се потрудија и направија дваесетина артикли со кои се претставивме. Ова беше убава можност посетителите и гостите да се запознаат со традиционалните македонски специјалитети. За здравјето е најважна здравата храна со каква претпочитале да се хранат нашите баби и мајки. Носевме и книги подржани од СЗПМ и од општината, кои ги презентиравме пред бројната публика – ни рече Стојна Тодоровска.

Дел од учесниците од Здружението, изјавија дека дружењето помага за зближување на луѓето, а тоа се потврдило и во Перник. Во трите дена од манифестацијата покрај дружењето биле договорени и нови гостувања низ многу градови во Европа. **Васил Пачемски**

ЗП Пробиштип

# Донација од Холанѓани за пензионерите

Јесика Готенбос од далечната Холандија над една деценија е фанатички вљубена во убавините на Македонија. За неа 2800-те километри не претставуваат пречка по три-четири пати годишно да се најде во Македонија каде има многу пријатели, а годинава во тоа не ја спречија ниту екстремно ниските температури. Од 18-26 февруари таа со своите пријатели, брачниот пар Марија и Петар и сопру-



гот Ремон, престојуваа во Македонија, земјата што ја смета за втора татковина. Престојот го искористија да посетат повеќе градови во нашата земја, да се сретнат со старите пријатели кои ги стекнале во изминатите 14 години, а неодминлива беше и посетата на Пробиштип и на Општинското здружение на пензионери.

– Јас прв пат дојдов во Македонија како турист во 2003 година и уште тогаш ми се вреже длабоко во душата нејзините убавини, – ја започнаа својата приказна љубезната и секогаш насмеана Јесика. – Се вратив во Холандија и на своите пријатели со денови им раскажував за се што доживеав во Македонија: за планините, за шумите, за езерата кои блескаат со својот сјај како вистински бисери, за старите цркви и манастири со раскошна убавина, фрески, со богата историја ...Сето тоа ме поттикна да почнам и јас да сликам икони. Да не ја заборавам и македонската кујна која на сите нас ни се бендисува. А она што особено ми се допаѓа тоа е топлината на луѓето која ретко се среќава меѓу другите народи. Затоа сум често во Македонија...

Јесика Готенбос по професија е физиотерапевт, но од 2009 година се приклучува кон хуманитарната организација „Помош за Македонија“ и целосно се посветува на хуманитарната работа. Бидејќи Македонија и навлегла длабоко во срцето, најмногу од проектите ги наменува токму за нашата земја, помагајќи им на разни институции од областа на здравството, образованието, детските градинки, а посебна слабост и се старите лица – пензионерите. Досега со поголеми проекти помагала во Охрид, Струга, Неготино, Пробиштип и Болницата за геријатрија во Скопје. При нејзиниот дводневен престој во Пробиштип таа со својот тим ги посети ученичкиот дом, детската градинка и училиштата во кои донесе поголеми донации, а го посети и Пензионерскиот дом во градот, каде се сретна и со претседателот на ЗП Груица Манасиејв. Задоволна од приемот и долгогодишното пријателство, Јесика најави оваа година помошта од фондацијата „Помош за Македонија“ да ја намени за потребите на пензионерите од Пробиштип. **М. Здравковска**

Бутел

# Отворен клуб во Радишани

Градоначалникот на Општина Бутел Петре Латиновски ветувањето што им го даде на пензионерите од матичното здружение уште при неговото формирање дека секоја година поединечно во ограноците ќе отвора по еден клуб, на 10-ти март 2017 година во целост беше реализирано. Шестиот клуб тој го отвори во населбата Радишани кога му го предаде клучот на претседателот на ЗП Бутел Љупчо Димовски од просториите во објектот на Месната заедница приспособени и опремени за таа намена. Членовите на огранокот Радишани на чело со претседателот Ристе Волчевски во најголем број присуствуваа на оваа свеченост и со големо задоволство и аплауз го поздравија овој чин.

– Покрај другите приоритети што ги има Општината Бутел, постојано водиме грижа и за вас пензионерите и сите заедно се трудиме да создадеме услови за задоволување на вашите потреби, за културно-забавни и спортско-рекреативни активности, бидејќи вие го заслужувате тоа. Со отворањето на овој шести по ред пензионерски клуб, основна цел ни е да ви овозможиме и да ви помогнеме во сите деновите да се чувствувате поубаво и посреќно, да имате каде да го поминувате слободното време, да се дружите и да го ширите пријателството, – рече покрај другото градоначалникот **Петре Латиносвки.**



Поздравувајќи ги присутните и гостите од Градскиот Сојуз на ЗП Скопје и здруженијата на пензионери од Илинден и Чаир, претседателот на ЗП Бутел **Љупчо Димовски** искажа голема благодарност до градоначалникот Латиновски и вети дека со своите активности Здружението и натаму успешно ќе ја претставува и ќе ја афирмира општината.

Свеченото отворање на клубот се претвори во заедничка веселба и дружење со изворна музика од составот на Огранокот, која речиси сите ги крена на оро пред влезот на новиот пензионерски клуб. **М.Д.**

ЗП Кавадарци

# „Градиме пријателство - создаваме безбедност“

По деветти пат традиционално, во Кавадарци на 03.03.2017 се оддржа двомеч и советодавно предавање под мотото „Градиме пријателство – создаваме безбедност“ Двомечот беше помеѓу претставници од полициска станица Кавадарци и членови на ЗП Кавадарци. На средбата најпрво имаше едукација за пензионерите од страна на инспекторот за превенција **Димитар Каракулев** на теми од безбедноста каде што целна група се пензионерите. Претседателот на ИО на ЗП Кавадарци **Ристо Анѓушев** ја поздрави оваа манифестација на која пензионерите се едуцираат, но во исто време градат и пријателства. Вакните средби, потенцираше тој, се со цел да се подигне



степенот на безбедност на највозрасните граѓани и да им се укаже на некои опасности кои ги демнат. Инспекторот Димитар Каракулев пред почетокот на натпреварот рече дека воопшто не е битно кој ќе биде победник, туку целта е да се дружат, и да се зголеми безбедноста кај граѓаните посебно кај пензионерите. По двете обраќања започна двомечот во четири дисциплини, во машка и жнеска конкуренција. Во табла победник во машка и во женска конкуренција беа припадниците на полициската станица, во шах и пикадо победници беа пензионерите, во пикадо победија пензионерките, а во дисциплината домино поумешни беа и членовите на ЗП Кавадарци. На сите победници им беа дадени дипломи и симболични награди. На дружбата уште еднаш се потврди дека наградите се споредна работа, а највbooжно е дружењето.

**Мартина Митков**



## Нашиот јазик

Мисирков те втемелил,
Константин те изградил,
Конески те возвишил
а јас те сакам како светост!

Без тебе љубов не ќе подарам
радост не ќе споделам,
гневот смирен ќе е длабоко
во мислата закоравена.

Ти си непресушен вруток,
сонце што вечно не грее,
излез си од секаква мака
спас од авет што нè сака.

Горда сум што те имам
со тебе во светот сум позната
и од многу народи призната
и почитувана!

Се додека постоиш ти
ќе постојам и јас
ќе постои и татковината ни,
Нашата сакана Македонија.

**Лилјана Златева**
**пензионер од Свети Николе**